СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 31 јануари 1996 година

Скопје, јануари1996 година

**37-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 31.01.1996 година**


1. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - 24, 27
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 30, 89
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 55
4. АНДОВ СТОЈАН - 65
5. БОЈКОВСКИ ИВАН - 37, 40а, 68, 69, 70, 95
6. ВЕЛЧЕВСКИ РУБИНЧО - 41, 43
7. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 52
8. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 72
9. ДИМОВ ЛАЗО - 28
10. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 43, 72, 98, 102
11. КАДРИУ ЗЕКИР - 34, 36
12. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ - 45
13. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 7
14. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 49, 51
15. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 77
16. НИКОЛОВ ЈОВАН - 92, 94
17. ПОПОВСКИ ДИМИТРИЕ - 8, 11, 40, 41, 73, 75
18. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 59, 60
19. РАМАДАНИ САЛИ - 80, 82, 85, 86
20. СИМОВСКА ЕМИЛИЈА - член на Влада - стр.3, 61, 71, 73, 83, 84, 87, 88
21. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 14, 19, 89, 91, 93
22. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 20
23. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 74

Дневен ред:стр.2
т. 1-Предлог на закон за спортот,стр.2
т. 2.стр.98


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јануари 1996 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Томислав Стојановски и Марјан Начевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницава присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети и претседателот на Републиката, господин Киро Глигоров, претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија.

Записникот од Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?

(Нема).

Констатирам дека записникот од Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

I/2.-СС/МЛ

За денешнава седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог на закон за спортот;

2. Иницијатива за формирање комисија на Собранието на Република Македонија надлежна за водење на постапка за отстапување на надлежните државни институции на архивска документација на Службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи, опфатена во досиејата на лицата.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Ве известувам дека по завршувањето на Триесет и седмата седница ќе продолжиме со поставување пратенички прашања на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Согласно тоа и министрите да се организираат да бидат присутни по завршувањето на оваа седница.

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за спортот.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Симовска, министер во Владата на Република Македонија.

I/3.-

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Би сакала пред расправата да се осврнам на неколку прашања, со оглед на тоа што во првата фаза не беше предвидено воведно излагаше од моја страна и немавме некоја расправа. Меѓутоа, сметам дека тоа не е хендикеп за да можеме да расправаме во оваа втора фаза, со оглед на тоа што во пракса дефакто ние имавме една многу широка јавна расправа по овој закон, за кој можам слободно да кажам дека практично не постоеше субјект кој е врзан за дејноста спорт, кој немаше можност да го даде своето мислење, или директно преку собраниските комисии каде се водеше богата расправа, или да го достави до Министерството, каде голем дел од овие сугестии беа замени предвид и вградени во овој закон, а кое имавте можност детално да го проследите и компарирате со она што го имавме како Предлог за донесување на закон.

Со оглед на тоа што се работи за прв закон за спорт, не би можела на оној класичен начин да започнам со новините во однос на стариот закон, бидејќи сметам дека она што досега го имавме како закон кој ја регулираше областа физичка култура не е компарабилен со ова што сега се нуди. Ова е сега нешто што е заправо ново.

Затоа, би се задржала само на три-четири точки за кои сметам дека се клучни и од концепциско значеше за овој закон. За кои што сметавме, како предлагачи на овој закон дека во голема мера дека ќе ја подобрат реализацијата на дејноста заради која се донесува законот.

Она што се забележува како една голема новина тоа е укинување на досегашните сојузи на организации за физичка култура. Ова е сторено во овој закон имајќи ја предвид праксата и начинот на кој што се организираа овие тела од кои што сметам дека мнозина од вас ќе се

согласат нивната административна и на моменти доминантно бирократска поставеност во голема мерка ја отежнуваше функционалноста што во голема мера се одразуваше и на обавувањето на самата дејност, спорт. За сметка на тоа овие надлежности се сега распределени од една страна на самите здруженија, односно сојузи и сите видови облици на здружување на субјектите кои вршат дејност спорт и од друга страна одредени ингеренции преоѓаат во државата, односно при надлежното министерство.

Она што се трудевме максимално да го почитуваме во законот, тоа е автономијата на самите сојузи. Сметавме дека она што го имавме како СОФКА, како што е нарекувана, не е практично до таа мера неопходно за да Сојузот, самиот, без една капа над себе преземе одредени ингеренции и самиот, согласно сопствените интереси, да решава за облиците и начинот на кој што ќе се здружуваат. Така што во законот практично се дадени одврзани раце за секакви облици на здружување и по хоризонтала и по вертикала, исклучиво во согласност со интересот на самите здруженија. Државата нема никаква намера, се разбира, да се меша во она што ќе претставува внатрешна структура на самиот Сојуз, каде самите сојузи ќе си одлучат какви подорганизациони единици ќе имаат, како ќе ги наречат, дали ќе се врзуваат по хоризонтала, дали во вертикала и се разбира, сите оние правила и норми што ќе треба да ги следат, со оглед на тоа што како независна држава сега влеговме и во сета онаа мрежа на правила кои важат за повисоките меѓународни асоцијации.

Она што државата го презеде на себе како ингеренција, што е новитет во овој закон, тоа е Советот на министерот кој се воведува. Тој претставува едно консултативно тело што треба да помогне на работата на Министерството за образование и самиот министер при донесување на одредени одлуки во врска со сите прашања, практично, како што се

наведени во законот, кои се врзани за реализацијата на дејноста спорт. Почнувајќи од усвојување на програми, па завршувајќи со дистрибуција на средства.

Тука, ако забележите, телото кое се состои од 11 членови практично нема никакви други претставници освен истакнати стручни и научни работници од областа на спортот или истакнати работници во дејноста спорт. Значи, повторно, својот глас, секој сојуз секое здружение ќе има можност преку своите луѓе да го даде при решавањето на секое од овие прашања.

Трета новина што е внесена со овој закон, односно прашање за кое сметам дека треба да се обрне внимание, тоа е дефинирањето на субјектите кои вршат дејност спорт. Законското решение понудено од страна на предлагачот е такво што се предвидува тие да можат да се регистрираат или како непрофитни здруженија или како претпријатија кои би вршеле дејност спорт. Секое од нив би подлежело на соодветните законски решенија, што не се предмет на овој закон, туку на други закони.

Она на што се трудевме да обрнеме посебно внимание, а од што имаме конкретно практични проблеми во голема мерка, тоа е заштита на спортистите. Ако забележавте, предвидени се низа бенефиции и можности, почнувајќи од додатни и материјални средства и можности за подобрување на условите за реализација на дејноста спорт, до нужноста за склучување на договори за вработените спортисти што би им ги олесниле оние проблеми што ги имаат со своите работодавци заради обавување на дејноста спорт.

Последната точка на која би се задржала, што е ново во законот, тоа е воведувањето инспекција, спортска инспекција. Сметам дека сите ќе се согласиме дека едно вакво тело беше неопходно, со оглед на тоа

што практично до сега секое отстапување од законитоста и секој проблем што се јавуваше се решаваше адхог. Директно до Министерството, на парче, директно до Владата, никако немаше едно тело, една инспекциска служба што ќе има овластувања постојано да врши надзор врз остварувањето на законитоста во рамките на оваа дејност и самото да поведе постапка. Сметаме дека со ова во голема мера ќе се средат односите, практично дека ќе биде од голема помош на самите субјекти кои вршат дејност спорт. Можеби дури и повеќе одошто е потребно тоа на државата.

Последното прашање е она што практично кога се зборува за спортот главно се истакнува како проблем, тоа се спортските објекти. Таму се јавува најголем дел од проблемите. Сметавме дека не треба да ги третираме во овој закон од две причини:

Пред се, нужно ни е што поскоро донесување на еден ова- ков закон, а од друга страна сметавме дека тоа е еден закон што треба да го подготват неколку ресори во соработка, да не биде само предлагач до Владата Министерството за образование и физичка култура, туку да биде изработен заедно со надлежното Министерство за градежништво и урбанизам и Министерството за финансии и како таков предлог од Владата да дојде пред Собранието. Меѓутоа, претходно да помине еден период на една поширока расправа како би можеле да ги погледнеме сите димензии на ова комплексно прашање. Од тие причини го изземаме овој предмет од овој закон.

Толку би кажала во воведот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувана госпоѓо министерке.

Пред себе имаме еден текст на закон што успешно ги по- мина комисиските расправи и како таков може денес да биде донесен на оваа седница. Чинам дека тоа е најоптимално што во овој момент може да се понуди.

Во него се дефинирани, како што спомна и госпоѓата министерка, се дефинирани два вида на организации што можат да ја обавуваат дејноста спорт, а тоа е спортско здружение и претпријатие.

Со законот се отстранува она тројство што досега постоеше во спортот: Министерство – СОФКА  МОК. Сега ќе имаме двојство Министерство - МОК. Мислам дека тоа е оптимално што е сврзано со финансирањето ќе помине во Министерството. Така што и правата и обврските ќе бидат на Министерството.

Меѓутоа, повеќе за јавноста треба да се каже дека спортските организации може да се здружуваат на ниво на општини, па дури и регионално. Тоа не е забрането со овој закон, бидејќи имаше доста прашања од општините што ќе биде со општинските организации. Значи, не постои ограничување за нивно здружување на општинско градско или регионално ниво.

Најголемиот проблем што постои во физичката култура се објектите. Тие не се опфатени со овој закон. Се остави тоа да се реши со друг закон, а со оглед на значајноста на овој проблем, јас апелирам предлогот за тој закон да се изготви колку е возможно по- брзо, затоа што се наталожуваат проблемите понатаму.

За овој закон поднесов три амандмани од кои еден со други колеги пратеници и од тие три два се прифатени. Прифатени се и многу други

амандмани што беа поднесени на трите комисии, што ги имате во текстот денеска. Можам да кажам дека претставниците на Владата покажаа голема кооперативност и во тој дух јас, третиот амандман што не е повлечен го повлекувам, бидејќи тој проблем може да се реши со статутот на спортските организации.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Димитрие Поповски.

**ДИМИТРИЕ ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

За разлика од госпоѓата министерка јас изразувам длабоко жалење што законот не ја помина нормалната процедура и немавме расправа за Законот, како нацрт на закон. Веројатно тоа ќе ги збогатеше вашите сознанија и ќе изготвевте поубав и поконцизен текст на Законот. Иако нашата пратеничка група направи усилби на оваа седница, од причини што е прв Закон за спорт и од причини заради важноста на овој Закон да го разгледува како нацрт, меѓутоа за жал не наидовме на разбирање.

Нешто би кажал за концепцијата на понудениот текст.

Ова е не знам која верзија. Овој закон долго време се подготвува за на крајот концепцијата на законот да би понудила укинување на досегашната СОФКА, неговото Претседателство и сите комисии и преземање на сите ингеренции што досега ги имаше тој општествен орган да преминат во надлежност на Министерството.

Во концептот спомнат е и МОК, Македонскиот олимписки комитет или нашиот Национален олимписки комитет, без никакви права.

Од тие причини, сега навистина се поставува прашањето зошто една невладина организација, непартиска организација каква што е МОК, какви што се сите национални олимписки комитети да биде санкциониран со закон на државата?

МОК е спомнат, Македонскиот олимписки комитет е внесен во законот после долги расправии и после долги убедувања меѓу републичките спортски сојузи и Македонскиот олимписки комитет и ресорното министерство, Министерството за образование и визичка култура. Меѓутоа во завршнава фаза на обработка на овој законски проект, кога точно се дефинира, иако тоа не е концизно кажано дека советот за спорт што ќе го формира министерката или министерот е тој што ги презема сите ингеренции. Не е веќе советодавно тело, туку е тело што врши распределба на средствата што државата Македонија ги издвојува за спортот.

Од тие причини мислам дека поголемо подржавување на спортот од ова нема. Сите ингеренции за спортот и спортските активности ги презема министерството и надлежниот министер.

Имајќи го тоа предвид јас имам неколку прашања на кои не можам да најдам одговор, навистина:

- навистина не ми е познато каде ресорниот министер го определува статусот и рангот на врвните спортисти, што е зацртано во овој закон;

- исто така не ми е познато каде министерот за спорт ги определува условите за отпочнување со работа на едно спортско здружение;

- не ми е познато каде е тоа министерот за спорт ги определува условите за организирање на врвни меѓународни натпревари;

- каде тоа министерот ги изготвува критериумите за распределба на средствата, а ќе ги распределува советот што министерот сам ќе го одбере.

Затоа мислам дека е големо подржавување на оваа општествена и значајна дејност, спортска дејност во Република Македонија.

Понатаму, во некои фази на разговори и преговори, договори и подготвување на конечниот текст на законот ја спомнувавме, покрај специјалните програми, реализација на специјалните програми, спортувањето на студентската популација. Тоа е избришано во последнава верзија. Мислам дека е направена голема грешка.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Сега не останува ништо друго освен да поднесуваме амандмани да ублажиме нешто од ова што го наведувам како недостаток на текстот на Законот. Меѓутоа, амандманите знаеме како поминуваат, најчесто не се прифаќаат. Јас да ви кажам искрено, лично, не знам дали да гласам за Законот кога ќе дојде до тоа, па Министерството да види во која ситуација се доведува кога ќе има шалтер вие се претварате во еден бирократски шалтер на кој што ќе имате 35 корисници и секојдневно ќе ги имате на врат, па ќе морате да се грижите за опремата, ќе морате да се грижите за справите, ќе морате да се грижите за се. Мислам дека големи и непотребни ангажмани си превзема Министерството со овој концепт на Законот.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, мислам дека денеска навистина е добро да се отвори расправа и ги ценам сите дискусии во еден демократски парламент да има и различни видуваа и различни ставови бидејќи ова е нешто после Уставот за нас спортистите нешто најголемо и од овој закон има плејада од спортисти кои очекуваат навистина целосно регулирање на хаосот во спортот. После 1976 година кога го имаме Законот за спорт и физичка култура, ова е прв закон во плуралниот однос кој што се поднесува и е доста квалитетен. Со законот се регулираат односите и активностите во спортот како и статусните прашања на спортистите и стручните лица кои непосредно се вклучени во спортот,како и вклучувањето на странските државјани во спортскиот живот во Републиката што претставува една новина за демократска Македонија. Овој закон ако го посматраме од аспектот на организационата поставеност на спортот ќе видиме дека адекватно ја

регулира положбата на здруженијата, Сојузот, МОК и Министерството со што низа досегашни недоразбирања со донесувањето на овој закон ќе бидат надминати, а сметам дека со овој закон и МОК ќе си го најде своето место во спортската плејада покрај сите останати спортски сојузи. Особено треба да се потенцира дека спортските организации ќе можат да се приватизираат како и професионализацијата на спортот што е децидно нагласено во овој закон, што претставува и една новина во чекор со времето во кое се определивме како држава.

Јас исто така ќе се задржам можеби со други аргументи од страна на претходниот мој колега почитуван, дека формирањето на советот за спорт ќе овозможи правилна контрола на програмите во спортскиот живот како и контролирано трошење на средствата што ќе ги доделува Министерството. Строгото наменско трошење на овие средства кои знаеме за жал како беа трошени и како беа распределувани во минатите 15 години претставуваше точно тој бирократски апарат, а оваа новина со Советот сметам дека на сите ќе ни даде една готовност да знаеме со колку средства како сојузи и спортски организации располагаме, кои програми ќе бидат прифатени од страна на државата и ќе бидат поткрепени финансиски зошто ние се соочувавме долги години со програми; кои што ги доставувавме и сите беа прифаќани точно поради тие расплинети тела кои што постоеја во Сојузот за физичка култура и од тие програми фактички сите беа прифаќани, а ниедна не беше поткрепена финансиски и се случуваше она што се случи во кошарката, Кошаркарскиот сојуз да не отпатува на еден квалификационен турнир во Австрија, да плати поголеми пари отколку што кошта, се случуваше да одредени спортисти патуваат на разни митинзи по светот и ги трошат тие пари кои што не одговара адекватно, се случуваше да кадетските репрезентации освојуваат четврти места во Европа, да не добиваат

соодветни пари, повторно да се финансираат припреми по планини и разно разни континенти. Сметам дека оваа новина треба да ја поддржиме и таа единствено го гарантира развојот на спортот. Оваа новина дава можност однапред да знаеме со кои средства располагаме, дали се минимални или се максимални секој сојуз ќе си ги одреди своите права и настапи онолку колку што ќе ги имаат своите можности преку надополна на управните органи кои се составен дел во спортот. Тоа би било околу моето мислење околу Советот како новина што сакам да ја поздравам. Исто така во овој закон можам да се искажам пофално за самиот однос на Министерството кон настапот на меѓународните активности на сојузите што се гледа во член 43 каде што ја подигаме сериозноста на едно повисоко ниво бидејќи бараме едно одобрение од Владата и јас сметам кога нешто се одобрува на највисоко ниво значи се има поголем пристап и поголема сериозносот во тоа натпреварување кое што треба да го организираме. За сериозноста ан законот од која што се гледа е исто така и казнената политика која прв пат се воведува во спортот. Тоа значи дека со овие казнени одредби се гледа дека предлагачот дава една поголема сериозност. Значи можеме сега да ги регулираме сите законски односи во спортот каде што досега беа расплинети, никој на ни- кого не одговараше самостојно пред своите статути кои што ги донесуваше во склопот на спортските организации. Поаѓајќи од овие аргументи што претходно ми претставуваат вака како една поголема новина во Законот за спорт, би сакал да кажам дека треба денеска и да предложам истиот став што јас го заземам да се поддржи, да се изгласа овој закон, затоа што со овој закон ги уредуваме односите во една најмасовна организација каде што мислам дека се вклучени повеќето млади луѓе кои што треба фактички да го најдат својот пат во

развојот. Да избегнеме од сето она што го мачи младиот свет во овој момент на транзиција на овој простор појавата на дрога, појавата на кафеани и се остана^о и да дојдеме до една побрза социјализација на овој наш млад народ.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, пред нас е на усвојување еден закон, проект закон за спорт со кој ќе се регулираат прашањата од една област која опфаќа над 160 илјади активни спортисти, област во која работат и живеат над 2000 спортски клубови, област која верувам нашето внимание на граѓаните од Република Македонија над 70% го опфаќа бидејќи над 70% од нашето граѓанство ги очекува натпреварите на своите миленици било од своите градови, било од државата репрезентација да на тие натпревари искажат своја радост за постигнатите успеси или пак искажат тага со надеж дека идната недела ќе биде посреќна и поубава за нивните миленици и за граѓаните од тој град. Искажувајќи го своето мислење по однос на Предлогот на закон за спорт сакам да истакнам дека изготвувачот имал голем осет, големо разбирање и вложил многу труд да сите конструктивни дадени забелешки во водената јавна дискусија која траеше многу долго, некој рече дека малку траела, меѓутоа, траеше многу долго, беа организирани безброј1состаноци со сите спортисти, директно учесници во овој спорт како и тоа дека изготвувачот ги има прифатено сите забелешки дадени пред се од Комисијата за екологија и спорт по предлогот за донесување на Законот и истите ги вградил во овој текст, а следејќи ја и дискусијата по другите комисии што се одбиваше по предлог за донесување на законот исто така предлагачот ги има вградено. Сигурно дека на законот му недостасуваше и еден расправа на

Парламентот бидејќи никој закон не помина така брзо како Предлог за донесување без ниедна дискусија освен овој закон за спорт. Сигурно ќе беше уште подобро доколку и на таа седница на Парламентот имавме искажувања и водевме дискусија по однос на законските регулативи кои се предвидени во законот. Искажувајќи се по овој закон на еден начин сакам да го искажам и мислењето на многу спортисти од општина од која доаѓам, општина која во својата богата историја на спорт се има закитено и со два олимписки медали, да го искажам задоволството што конечно и во оваа област се дава регулатива во однос на тоа кој како може и на кој начин може да се занимава со спортот, дефинирајќи ги подеднакво условите за обавување на дејноста за спортот како на здруженијата, така и на претпријатијата, овозможувајќи еднакви услови за спортување на сите спортски здруженија преку дефинирање за прв пат на услови преку закон, а не преку услови што ги дефинираме ние во своите сојузи кои се минималните услови за да може да биде регистрирано едно спортско здружение, или претпријатие под потполно еднакви и за едните и за другите, а тоа е пред се обезбедување на објекти, обезбедување на стручен кадар и обезбедување на натпреварувачка можност на клубовите. Овде посебно сакам да истакнам дека многу е добро искажано значењето на стручниот кадар дека тој треба да биде подигнат на едно повисоко ниво и добро е во овој момент што е VI-ти степен, меѓутоа сите ние спортски работници ќе се трудиме тој да биде на седми степен, затоа што мора да кажам многу наши младинци и во поранешните простори освојуваа златни медали и сребрени и бронзени ама се до категорија младинци. Таму каде што требаше да дојде она брусење спортско усовршување за да можеме и на ниво на поголемата категорија сениорска да освојуваме медали, морам да кажам дека во Републиката немавме соодветен кадар, кадар кој не само ќе правеше

спортист, да постигнува спортски резултати, туку кадар кој ќе правеше и добар граѓанин на оваа наша Република способен во сите моменти да се вклучи и после бавењето со спортот во сите пори на живеење на нашава Република. Мислам дека тој услов е дециден и без тој услов не може да се регистрира ниту спортско здружение и претпријатие. Сметам дека тој како таков мора да остане и добро едно решение е направено од предлагачот, а мислам дека и ние овде како пратеници истото ќе го усвоиме закон кој за прв пат морам да ви кажам законски не обврзува да водиме евиденција на спортисти. Морам да ви кажам дека многу малку клубови се во оваа наша држава кои водат евиденција и кога ќе дојдат некои прослави, а треба. да ги имаме бидејќи имавме и резултати во спортот, давање на некое признание, повикувањето на некои личности беше само од тоа кој како ќе се сеќава, а не да се има права евиденција за се она што се случувало во спортот за една историја, за едно битие на човек кој во своите млади години дал многу за да постигне резултати и да може да биде на еден начин овековечен барем во историјата на тој клуб, во историјата на тој град, а сигурно пошироко и во историјата на Републиката. Сметам дека искажаното децидно разграничување на дејноста спорт бавење, ученичка талентираност спортска и спортска рекреативност ги дефинира основните појдовни основи на законот. Исто така законот го одредува местото на МОК и му дава права вредност и право место за да може во својата дејност како македонски олимписки комитет да може да ја развива таа дејност и да се бори во постигнување на што подобри резултати преку стимулирање на спортисти за кои тој исто ќе утврди дали тие спортисти ги исполниле нормите за учество на една највисока спортска манифестација како што е тоа олимпијадата.

II/7

Законот исто така го дефинира и учеството на државата. За оној дел што државата финансира во спортот мора и државата да има влијание врз тоа што финансира и како финансира. Мислам дека дадениот предлог на закон со совет кој се формира во Министерството за образование и физичка култура ќе придонесе во позитивна смисла на разрешување на некои работи кои досега сакале, не сакале мора да признаеме дека ги имавме и дека не знаевме сешто во спортот финансиравме. Овде од едно тело од научни, стручни и други работници ќе има сигурно тоа мислење големо влијание и врз она што беше кажано дека, ете сега министерот ги зема сите работи во свои раце, не ги зема. Министерот зема она за кое државата финансира, она што државата не го финансира, ако го финансира локалната самоуправа, ако го финансира претпријатието, министерот тука нема никакви ингеренции Меѓутоа, со формирање на Советот само овозможуваме навистина да финансираме исправни програми, а сигурно дека многу е битно во една држава да се знае кој се може да организира врвни меѓународни натпревари и што тие врвни меѓународни натпревари имаат значење за оваа република. Доколку тоа го немаме опфатено тогаш нема ни што да бараме да некои манифестации поминуваат и надвор од кодексите на едни спортски однесувања во Републикава. Мислам дека воведување на надзор во работа на спортските здруженија можеби и требаше многу поодамна да сето она што го читаме низ весниците за поедини сојузи го немаме бидејќи сега како е спортот оставен е на одлучување со кревање на раце на многу спортски сојузи, меѓутоа негативностите кои ги има, а спортот е таков да секогаш има и такви позитивни и негативни работи, имаат големо внимание врз малиот човек при негово определување дали да оди да се бави со спортот или да не се бави со спортот. Воведување на еден ваков надзор на еден начин ќе биде елиминирана и оваа работа.

II/8

Сигурно дека овој закон денеска ние ќе го изгласаме бидејќи многу малку амандмани има поднесено. Многу амандмани ретко се усвоени, меѓутоа, морам да искажам дека пред нас спортски луѓе, луѓе кои живеат со спортот најголемиот проблем останува и понатаму за разрешување а тоа е проблемот на финансирање на оној дел за кој да кажам државата нема свој интерес. Ние ќе мораме да изнајдеме начини за финансирање на локалните клубови, за финансирање на програми до ниво на Република бидејќи државата ќе финансира она што ќе не претставува во меѓународниот спорт и ќе има интерес за меѓународно подигање на угледот на нашава држава. И законот ќе беше според мене многу подобар, морам ова да го кажам ако со овој закон веднаш беше донесен и Законот за спортските објекти. Точно е дека сме во трансформација ан општествениот капитал, точно е дека е тешко да се одреди што и како од спортските објекти ќе остане во државата на локалната на локалната самоуправа и на клубовите.

**БЛАГОЈА СТОЈКОСКИ:(**продолжение)

Меѓутоа, мора да кажам дека ние како држава имаме над 2000 објекти, спортски објекти кои ги изградивме со само- придонеси, со одделување на работните луѓе, со самооткажување за да може тие објекти да постојат. Сега, во последно време, морам да кажам дека објектите се оставени во поголем дел од времето, а времето ќе го направи своето и она што тешко го спечаливме, тешко го направивме или онаа старата лесно правиме пријателство, а тешко го задржуваме и овде ќе биде исто. Лесно ги направивме, а тешко ќе ги одржуваме, доколку овие 2000 објекти од кои морам да кажам негде околу 164 спортски сали, 20 отворени и 11 затворени базени, над 1018 игралишта за мал фудбал, 35 убави стадиони, над 292 игралишта за мал фудбал, тоа е едно огромно богатство во нашава држава. Јас сметам дека предлагачот, односно Министерството мора во рок од б месеци да понуди еден закон, инаку читајќи го законот по 6 месеци престанува да постојат сите оние облици на здружување кои што ги имаме по стариот закон, а во тие облици на здружување имавме СОФКА, која во многу градови ги презема објектите во управување. По 6 месеци таа СОФКА ќе престане да работи, ќе престане да постои по сила на закон, можеби ќе биде тешка трансформацијата на општествениот капитал, бидејќи ќе биде тешко утврдувањето што е општествено, што не, во овие објекти, затоа, за да заживее законот под итно треба да се донесе закон за објекти и тоа мислам дека требаше во законот да стои одредба"во рок од 6 месеци", која не е ставена, Министерството за да има една обврска за

да може овој закон навистина да заживее во оваа спортска олимписка година и да посакаме на Олимпијадата да се вее и наше знаме со постигнување на врвни резултати, а за ова без разлика што го немавме законот имавме подготвено спортисти и верувам дека со донесување на законот уште повеќе ќе им ги подобриме условите да на Олимпијадата "96 во Аталанта го видиме и нашето знаме.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, она што го кажаа претходните мислам дека држи и јас не би го повторувал, конкретно моите спортисти од средината, имаат забелешки на членот 5 каде што стои "граѓаните можат слободно да се здружуваат и да основаат непрофитни спортски здруженија" од причини што сега знаеме дека одредени клубови и екипи од тоа само се здружуваат, значи да може да се занимаваат со производство, трговија на големо и мало, угостителство и други дејности за обезбедување на средства за работа, односно така да се финансираат.

ЗПК има предложено амандман на овој член каде што во целост се бришат зборовите "непрофитни", јас би го поддржал, мислам би бил задоволен со измената на овој закон.

Имам забелешка на членот 55 околу одредувањето на казните кој вели: "со парична казна од 1/5 до една плата ќе се казни за прекршок лицето кое дава или зема стимулативни средства кои се забранети или штетни за здравјето". Мислам дека тоа е минимална казна , што за една злоупотреба дали за спортистот или тој што раководи со него, и, предлагам овој што дава стимулација на спортистот треба да биде

доживотно суспендиран или да лежи во затвор, не може така да си играме со младината, бидејќи знаеме на светските спортски првенства за било какви вакви стимулативни средства им се одземаат и медали.

Инаку, во целост го поддржувам законот, мислам дека треба да оди така како што е предложен и овие забелешки мислам дека министерката ќе ги внесе во законот.

Благодарам.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ;**

Господине потпретседателе, господа пратеници, јас мислам дека со овој закон не можеме да претендираме да се опфати се што е во спортот околу спортот, односно се што е пропратно во спортот, затоа што веројатно ќе има и пропратни акти, односно подакти и уредби што ќе можат да допринесат па да имаме по една комплетна регулатива што се однесува до спортот и околу спортот. Па, уште на почетокот би кажал дека законот е солиден, всушност има солидни решенија и за одржување и за унапредување на спортот.

Тоа што мене ми остави впечаток е дека со респект се инкорпорирани забелешките, оценети како конструктивни од сите субјекти, а посебно од матичната Комисија за екологија, спорт и младина, како и ЗПК.

Мислам дека постоеше една добра кооперативност со предлагачите на законот, т.е. Министерството и пратениците во работните тела, односно би зел за право да кажам и најкомпетентните пратеници кои и активно се во раководството на спортски здруженија во

РМ. Исто така за пофалување е и тоа што има една разграниченост и тоа со децидно дефинирање на дејноста спорт, а тоа е активноста на децата и младината, активноста на спортистот и спортско - рекреативните активности. Исто така има исти критериуми за спортските здруженија кои не профитираат од спортот и претпријатијата кои ќе можат со овој закон да се формираат, кои ќе обавуваат дејност спорт, а воедно ќе профитираа затоа што, што се предвидува и соодветен кадар и соодветни објекти за обавување на спортот.

Исто така, децидни се, кажува дека јавниот интерес на Републиката во спортот се алиментира од Буџетот на државата и тоа што останува од локалната самоуправа , новина е исто така што има Совет, односно ќе се формира Совет за спорт од 11 члена. Јас се надевам дека овој Совет може донекаде да ги амортизира несогласувањата, односно незадоволството, одредени мои колеги пратеници дека се ќе се врти околу Министерството и министерот кој има потполни ингеренции во донесување на одредени одлуки во рамките на Министерството, затоа што мислам дека Советот како советодавно тело, мислам дека ќе се почитува и од првиот човек на Министерството.

Во член 29 добро е што се обезбедува заштита и стимулации на спортисти што аматерски се бават со спорт, односно со спортски активности. Мислам дека во овој дел се повеќе студенти и ученици, а огромниот дел од тие што се бават со спорт се студенти и ученици, така што ако се стимулираат, значи со законот се предвидува нивно стимулирање, тука мислам дека имаме добро решение.

III/5.-

Врвните спортисти, тука во Законот , јас не знам, можеби намерно не е отидено до крај да се пропишуваат и критериуми, односно посебни критериуми што значи врвен спортист, меѓутоа, се надевам дека и другите асоцијации кои подготвуваат и програми и критериуми , односно учествуваат во изградување на тие критериуми нема да дозволат да има субјективност во тие критериуми кои се пропишуваат за еден врвен спортист, а мораме малку повеќе да имаме и внимание кон тие спортисти, јас би рекол нека бидат и разгалени момчиња, но кога се работи за врвен спортист тука мислам дека треба да им посветиме посебно внимание и на тие кои со нивните резултати ќе бидат врвни спортисти и за тие кои беа врвни спортисти, затоа што ние имаме спортисти кои учествуваа на олимпијади и светски првенства, ни донесоа дури и медали од олимпијади, за да не се запоставуваат, да бидат третирани навистина како врвни спортисти и со новите донесени критериуми во Републиката.

Некои од моите колеги спомнаа за спортските објекти. Навистина јас исто така почесто го поставував прашањето за користењето на овие објекти, затоа што во меѓувреме имаме нови клубови, односно здруженија кои покажуваат резултати, постигнуваат резултати, меѓутоа, немаат нивни објекти, стадиони итн. И, имаме еден хаос во користењето на тие објекти, дури имаме, тоа во секојдневието може да се види дека тие клубови кои влегле веќе и се од порано во тие објекти се чувствуваат дури како газди на тие стадиони, односно на тие објекти и доста им наплатуваат на тие кои сакаат да ги користат тие објекти, кои не се нивна сопственост.

III/6.-

И, една моја сугестија, со најдобра намера, затоа што не можев да најдам начин да интервенирам со амандман, затоа што се работи за закон со јасни одредби итн., а тоа е , мислам, ова е до Министерството и до другите здруженија, асоцијации, во раководствата на овие здруженија, јас мислам дека многу малку или многу симболично се застапени луѓе од спортот, од националностите. Имаме некаде во Олимпискиот комитет, да речеме еден, или во Фудбалски сојуз, или во другите сојузи, но во одредени комисии, мислам со еден збор, во сите тие раководства на овие асоцијации многу малку се застапени луѓе и спортисти и луѓе кои имаат познавања од спортот во овие раководства на овие асоцијации спортски.

Бидејќи во Законот не може такво нешто да се напише затоа што нема место, меѓутоа, мислам дека треба да се гради таква политика, дека тие спортисти и непосредни учесници во спортот да имаат и претставници, односно тоа да се рефлектира и во раководствата на овие асоцијации.

Инаку, како закон мислам дека треба да се поддржи и да се донесе.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека потребата за донесување на закон за спортот е евидентна и потребна како за спортската, така и за пошироката јавност. Меѓутоа, прашање е дали законот за спорт таков каков што е понуден само ја отсликува состојбата, која што денеска ја имаме во спортот, или пак нуди некои решенија кои што се во функција на спортот.

Јас се согласувам со претходните дискутанти дека многу тешко може да се најдат забелешки на понудениот текст на законот за спорт, кој што доста аналитички ги дефинира сите работи кои што се релевантни за спортот тргнувајќи од статусот на клубовите, односно здруженијата до новата форма претпријатие што врши дејност спорт, потоа тргнувајќи од статусот на спортистите што ценам дека се најбитен фактор во спортот итн., итн., завршувајќи до јавниот интерес што дефинитивно го утврдува државата како свој интерес во спортот, сепак за мене останува празнина дека овој закон не дава одговор на две, би рекол во овој момент најкрупни прашања во спортот.

Првото прашање е финансирањето на спортот и тоа на оној спорт што не е дефиниран како јавен интерес на државата. Имајќи ја во предвид структурата на пратениците во Парламентот и имајќи го предвид дека 37 пратеници седат тука кои што директно или индиректно се врзани со спортот, јасно треба да кажеме дека целокупната спортска јавност , па и ние очекувавме од овој закон да понуди решенија во делот на финансирањето во спортот. Тоа е најголем проблем во овој момент и недоволно истиот да се решава со буџетски средства, макар и во делот на јавниот интерес, ние го изгласавме Буџетот за 199 6 година, меѓутоа, тие средства кои што се таму предвидени во оваа ставка мислам дека се минимални, и ни од далеку не можат да ги задоволат потребите на спортот.

III/8.-

Мислам дека треба да се бара решение со кое ќе се стимулира вложувањето во спортот , односно спортот ќе стане атрактивен за вложувањето. Дури сметам дека и оваа нова категорија што е предвидена како претпријатие што врши дејност - спорт тешко ќе заживее во праксата ако ја следи логиката секое претпријатие да има добивка.

Јас знам дека овие решенија за финансирање на спортот можат да бидат регулирани со други закони и вчера доста споревме околу таа работа, посебно тука станува збор за законот за данок од добивка, потоа јас дури навлегувам во Законот за данок на промет на стоки и услуги, меѓутоа, повторувам и тука е мојата сугестија да како пратеници најдеме начин ако не во овој тогаш да кажеме на јавноста дека преку интервенции на овие закони ќе направиме нешто и за оној спорт кој што не е јавен интерес.

Мислам дека денес на прсти можат да се избројат клубовите кои немаат финансиски проблеми и за да се најде какво - такво решение во рамките на овие понудени законски норми, мислам дека има два начина на кои што можеме ние да влијаеме како пратеници. Првиот е Буџетот, односно дефинирањето на јавниот интерес да биде поткрепено и со предвидување на повеќе средства во рамките на буџетот и второ, во рамките на јавните интереси , тука мислам дека пред се , треба да одигра голема улога советот кој што го формира Министерството со овој закон да се врши малку пофлексибилно толкување на оние одредби кои што значат јавен интерес во рамките на кои што мислам дека треба да влезат и државните првенства.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:** (Продолжение)

Второто прашање околу останува празнина, а кое беше споменато и од неколку други дискутанти е во врска со спортските објекти. Јас знам дека единствен аргумент да не се понуди решение во овој закон е престојниот делбен биланс меѓу Републиката и единиците на локалната самоуправа, меѓутоа, мислам дека ако овие објекти не функционираат не е ни битно чии се. Факт е, како што спомна и претходниот дискутант, дека таму имаат права сите освен спортските екипи. Истото е и со фудбалските стадиони и игралишта. На една страна имаме монополски фирми кои добиваат плата од државата и ги издаваат салите и стадионите за разни диско клубови, за деловни потреби и слично, а на друга страна имаме спортски екипи кои немаат пари ни за чај, а камоли да платат за тренинг во тие спортски објекти кои што се дефинирани како јавен интерес. Мислам дека така не можеме да го задржиме спортот, а камоли да го развиваме. Мислам дека Министерството е најповикано да изнајде формула како овие објекти треба да функционираат и за што да се употребуваа и барем од овие дискусии, бидејќи невозможно е амандмански да се интервенира во законот, мислам дека треба да произлезе обврска за Министерството да имаат далеку посериозен приод кон овие објекти и обврски што беше спомнато многу побрзо да се понуди законско решение, бидејќи уште малку ако се почека, мислам дека ќе нема што да се регулира. Многу спортски објекти пропаѓаат, оставени се на завод на времето.

На крајот, мислам дека спортот заслужува многу поадекватен третман отколку тој што го има и добро е што државата дефинира јавен интерес во спортот. Тука мислам дека мора да има место и за репрезентативниот спорт, кој во изминатиот период одигра значајна

улога, покрај нашата дипломатија, за афирмација на нашата држава. И покрај тоа што сметам дека законот за спорт во понудениот текст ги подотвара вратите и нуди решение на некој начин на прашањата кои ги наметнува времето, сепак сметам дека треба многу посмели решенија за да се одговори дефинитивно на тие прашања, кои од прилика се зошто спортот и кај нас да не биде бизнис, што со постојните клубови, дали можат да се приватизираат и како, како да се користат спортските објекти и т.н. се со една цел . Реков, се подотвораат вратите, меѓутоа, мислам дека тука треба да има далеку по смели решенија, се со една цел, спортот да не биде товар , туку задоволство на оние кои се занимаваат со него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазо Димов.

**ЛАЗО ДИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас би кажал неколку мои забелешки во врска со суштината на самиот закон. Име г-ѓата министерка, како и секој добар продавач, се држеше до девизата дека интензитетот на рекламата или фалбата на робата треба да биде директно пропорционално со не квалитетот на робата, така и се држеше . Доаѓа, јас како еден од тие купувачи верувам дека на таа работа не наседнувам, од следните четири причини кои можам таксативно да ги набележам.

Имено, не може да биде добар закон во кој е создадено толку простор за пропишување на Министерството. Никој не може да ме убеди дека тој закон е добар.

Втора работа која исто така е битна и која не може да ме убеди дека овој закон е добар е ако во тој закон се регулира или се елаборира

врвниот спорт, не знам од кои причини се брза со донесувањето на законот. Веројатно некои ентузијасти кои сакаат да ја презентираат Македонија во светот и во странство брзаат со овој закон да создадат услови за таква работа, а како може да биде добар тој закон ако во истиот закон оној спорт на масата е ставен во аут односно воопшто не се регулира од следните причини. Таму судбината на објектите во кои фактички се завршуваат најглавните работи, кои се собирачи на младите, се оставени , нивната судбина е оставена да се регулира со некој посебен закон, а за да биде сето тоа повесело во еден член се кажува дека спортските објекти ќе се приватизираат по законот за приватизација на претпријатија. Кога сето тоа ќе се собере, мислам дека овде нема простора за тоа да кажеме дека законот е добар и убав, и покрај тоа што е прв јас не би се согласил дека е убав. Можеби од тие причини е така добар, можеби вториот ќе биде подобар закон.

Имено, по мојата прва забелешка, може во еден закон да оставиме толку простор на пропишуваше од министер од Министерство? Законот се донесува заради тоа да биде пропишано, а не некој да пропишува. Министерството треба да биде тоа кое ќе го спроведува тој закон, кое ќе следи како тој закон се реализира. Дури во тие први членови се зборува дека Министерството ги пропишува условите под кои може да се формира едно здружение, дали имало реквизити или немало реквизити, дали имало или немало игралиште и т.н. Не знам, можеби и тука е стравот дека не може за секаде исто да важи. Оние што се боси, како ќе ги пропишеме, оние што се обуени како ќе ги пропишеме. Мислам дека овој закон нема одговорено на тие прашања, а без одговор на тие прашања, ние не можеме да имаме еден добар закон. Злите јазици дури зборуваат, велат, колку што министерката оди по стадионите, можеби ќе пропише дресови за фудбалерите и за хокеарите. Според тоа, сметам дека пропишувањето доколку помалку го има во законите, тежината на законот е поголем

IV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувана г-ѓо министер и останати од Министерството, вклучувајќи се во расрпавата по Предлогот на законот, ќе кажам некои мои размислувања, а исто-времено ќе поставам некои прашања кои за мене не се јасни во однос на она што е понудено со законот. Имено, можам да кажам , можам да кажам дека лично носам убедување дека законот настојува да даде една рамка така да кажам на спортското однесување, за да може некои работи да течат онака како што треба. Можеби не целосно, меѓутоа ете дава можност преку амандмани да се посредува, а на крајот на краиштата виновни сме ние самите бидејќи кога беше нацртот на законот никој не се вклучи во дискусијата. Можеби тука малку пребрзавме, можеби чекавме еден на друг, но тоа е тоа.

(Претседателот Стојан Андов се враќа на претседавачкото место).

Во однос на член 7 во врска со тоа што е спортско здружение односно кои се тие обезбедени соодветни објекти, би поставил прашање што се смета за обезбеден објект. Дали тоа е и во случај кога со таков објект не располага Спортското здружение односно клубот и кога истото може да го користи по разни основи,д али со договор или со некоја дадена согласност од страна на сопственикот на објектот, а таквите објекти како што зборуваа повеќето пратеници ги има во сите општини во Републиката, кои се руинираат, некои се одржуваат, некои не се одржуваат,некаде треба да се доизградат и т.н.

Во однос на тоа би молел, доколку сметаат од Министерството да дадат одговор, добро би било да имам одговор.

Во врска со овој член би поставил прашање кои се условите од алинеите 1,2 и 3 од став на овој член, зошто тие да не важат за повисоките облици на здружување. Има едно да кажам начелно прашање, а тоа е прашањето на исполнетоста на условите. Мислам дека правиме некое разидување во однос на тоа што е практика во другите гранки од колку што е тука со овој закон. меѓутоа, можеби времето ќе покаже дали тоа треба така да биде или не.

Го поддржувам она што е речено во член 9 во однос на постапката дека доколку не е задоволно некое спортско здружение за тоа дали ги исполнува условите или не, може да се жали до Владата на Република Македонија. Мислам дека такви работи ни недостасуваат и посебно кога беше прашањето, а тоа ќе го кажам и понатаму, во однос на над- зорот. Многу работи ни се случуваат во спортските сојузи, а постапките обично завршуваат таму каде што и започнуваа.

Мислам дека во членот 11 треба да стои задолжение спортски- те сојузи на Републиката, покрај работите од став 1 на овој член, да се грижат и за државните репрезентации. Мислам дека не треба да пишува да се грижат туку тоа треба да биде задолжително, со обрвзна основа, бидејќи ако се каже да се грижат, тоа значи може и не мора да се грижат, но ако биде задолжително, тогаш мора; да се грижат и да не останат работите на половина пат.

Едно посебно прашање што сакам да го истакнам, а кое кај мене предизвикува дилема е дали претпријатие или трговско друштво. Кога го имавме нацртот на законот за трговските друштва, сите дејности ги уврстивме во трговско друштво, така ни беше објаснето. Дали и

понатаму ќе одиме на тоа да го применуваме терминот претпријатие , јас не знам. Јас не видов дали Законодавно - правната комисија даде некое укажување во врска со тоа. Ова го кажувам бидејќи ќе имаме разидувања. Бидејќи наскоро ќе дојде законот за трговските друштва пред Парламентот, ќе раправаме и таму ќе велиме трговски друштва, а не закон за претпријатија. Според тоа мислам дека таа усогласеност треба да постои.

Кога сум тука, да го кажам и тоа дека го задржуваме решението во однос на квотата, гаранција од 20 илјади германски марки во денарска противвредност. Решението го задржуваме од слични закони. Имавме таков сличен закон , а тоа е Законот за јавен сообраќај, таму го задржавме решението аз 20 илјади марки. Тука истото се прави. За почеток, ако сакаме да заживеат претпријатијата односно трговските друштва кои ќе се занимаваат со оваа проблематика, можеби таа гаранција е висока.

Добро е што со законот се предвидува јавен интерес во спортот. Меѓутоа, лично мислам дека јавниот интерес не треба да се ограничува само на ниво на Републиката, туку треба да се спушти и на пониско ниво, на ниво на општина. Зошто тоа го велам? Некои пратеници кажаа каква е состојбата со финансирањето, дали има некој клуб кој што нема проблеми со финансирањето, па заправо од тие причини мислам дека јавниот интерес треба да се спушти пониско и на ниво на општина. Така можеме полесно да ги регулираме работите, особено да го решиме прашањето на финансирањето. Правиме обиди во општините да најдеме решение. Некои решенија се воведени, иако ако се оди подлабоко тие не се законски, тврдам дека не се засновани на закон, меѓутоа се на доброволност, но наидуваме на големи тешкотии. Заради тоа, мислам дека јавниот интерес треба да се спушти на ниво на општина, да не остане само на ниво на Република, што во секој случај треба да биде,но

треба да се спушти на ниво на општина, па и во општинскиот буџет да се предвидуваат средства за работата на спортските организации и спортските здруженија и клубови.

Уште нешто би кажал, а тоа е повеќе технички. Во членот 26 се вели "стручно лице, странец, може да обавува дејност доколку ги исполнува условите утврдени со закон и со овој Закон". ( Министерката нешто му укажува). Добро, се повлекувам, штом е поправено се повлекувам. Бидејќи не би било добро да се даде предност на другите закони со овој закон. Претходно би требало да се даде на овој закон, па после на другите закони. Тоа се повторува во неколку членови.

Во однос на евиденцијата во областа на спортот, мислам дека е добро што се воведува, меѓутоа, не знам дали доволно се води сметка за тоа тие евиденции да бидат на ниво на евиденциите што се водат при меѓународните спортски организации. Ако се такви тогаш мислам дека подобро ќе можеме да ги користиме, тогаш може да се споредуваат и при правење на одредени анализи во однос на оваа област, тогаш полесно ќе можеме да ги споредуваме тие податоци доколку се такви. Сугерирам, доколку не се, треба да се води сметка тие евиденции да бидат такви.

Во однос на надзорот реков малку, добро е што се обезбедува надзор со законот, бидејќи навистина се наоѓавме во таква ситуација што немавме каде понатаму да се жалиме. Добро е што се наведува институцијата инспектор, иако таму добро е наречено инспектори, не е речено еден инспектор бидејќи во зависност од тоа која област е има своја специфика, па според тоа на тој начин ќе биде одреден инспекторот од таа возраст кој ќе може да ги даде забелешките односно да забрани и да бара исполнување на одредени услови.

Значи, во целина законот го поддржувам. За одредени работи можам да понудам и амандмани , кои досега не сум ги напишал, меѓутоа доколку Министерството смета дека треба да одат како амандмани, врет, ако не, да не трошиме џабе хартија, а да не бидат усвоени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господа пратеници, г-дине претседателе, господа министри, гледам само еден е присутен, јас верувам дека нема да се повторувам бидејќи некои пратеници пред мене многу работи кажаа, но и јас ќе кажам нешто што е во интерес на овој закон, без разлика колку постои интерес да се дискутира за овој закон. Јас би рекол два три збор.

Спортот како една гранка многу значајна за една држава мислам дека претставува една суптилна сфера на животот на младите, без оглед на тоа што тука социолозите го поставија крајот на другите дисциплини. Мислам дека е една важна улога и спортот претставува една дејност која по мое мислење опфаќа многу интересни и супстилни работи. Тука ќе ги наведам спортските активности на децата и младите, активности на спортистите и спортско рекреативни активности на граѓаните во целина. Верувам дека со овој закон се внесени, освен основните одредби и спортските здруженија, каде граѓаните слободно ќе можат да се дружат и ќе ги остваруваат потребите за занимање во оваа област, норма но претходно треба да имаат предвид и неколку услови предвидени со овој закон, како што се на пример соодветните објекти за кои многу претходни пратеници се ангажираа, стручниот и професионалниот кадар, системот на организирање на оваа дејност, а тоа е системот на натпревари.

IV/9.-

Како спортско здружение, исто така, со овој Предлог на закон се дефинира и улогата и местото на Македонскиот олимписки комитет, каде што ќе може да се зачленуваат спортистите и спортските федерации на Републиката заради разграничување на надлежностите на Комитетот на органите на државата. Приоритет на овој закон е и функцијата и заштитата на здравјето на тие учесници во спортските активности и развојот на спортот во светски стандарди. Понатаму, поставување на единствени принципи и услови за обавување, потреба за воспоставување еднакви критериуми, стручни и соодветни тела, Советот аз спортот и друго.

V/1.- ДВ-ВБ

**ЗЕЌИР КАДРИУ:** (Продолжение)

Понатаму се посветува значително внимание на стручните кадри кои се вклучени во спортот. Се дефинира потребата на степенот на образование, се овозможува стручната работа, стручното оспособување и има се дава право на стручните лица да се образуваат во странство и друго.

Една работа која по мое убедување не би требало да се остави на една таква положба, со овој Предлог-закон е дека треба да се стимулира аматеризмот, посебно аматеризмот на тие подрачја кои досега не беа ниту предвидени, ниту досега некој им посветил внимание. Верувам дека за оваа работа зборува и член 28 и 29, меѓутоа тоа поопширно и подецидно не се кажува само се кажува дека се стимулира аматеризмот. По мое убедување тоа треба да биде конкретизирано.

Особено значење, со овој Предлог на закон е и здравствената контрола што се предвидува кај спортистите и потребата на здравствените контроли и прегледи. Тоа што е забрането и штетно за здравјето на спортистите, забранети се стимулативни средства и мислам дека е една добра работа.

Понатаму во овој Предлог-закон се определуваат и манифестациите од меѓународната спортска соработка, функција на обезбедување на дејноста, надзорот на законското работење, улогата на инспекторите, казнените одредби на учесниците што по мое убедување треба да придонесат за подобар спорт и подобар квалитет.

На крајот сметам дека со донесување на овој закон се дефинира една гранка на култура на една многу интересна образовна дисциплина која би требало да се прифати.

V/2.-

**ИВАН БОЈКОВ:**

Г-дин претседателе, почитувани колеги, не мислев да дискутирам на денешната седница, бидејќи имав можност да учествувам на низа расправи во разни фази на разгледување на овој закон каде што имав можност да ги кажам моите мислења и забелешки.

Ме иницираше и ме збуни дискусијата на мојот почитуван колега, познат и докажан спортски работник, Димитрија Поповски кој што е и претседател на Комисијата за образование и наука, бидејќи прочитав мислеше од Комисијата каде Комисијата го поддржува овој Предлог на закон и притоа констатира дека голем дел од забелешките и мислењата и сугестиите изнесени во расправата по Предлогот за донесување на законот се прифатени и вградени во текстот и дури му предлага на Собранието да го разгледа и да го донесе законот.

Јас спомнав дека учествував во многу расправи и имам еден впечаток дека Министерството во водењето на целава постапка за донесување на овој закон покажа голема флексибилност и спремност за дијалог, во барањето на најсоодветните решенија за овој закон. Задоволен сум и од интересот што го покажа на сите нивоа Предлогот на овој закон, па и денешниве расправи што покажува дека спортот е значаен сегмент од нашето живеење.

Од сето она што се случува во спортот јасно е дека овој закон е неопходен и ќе пополни големи празнини и ќе разреши доста дилеми.

Уставна одредба е дека државата ќе се залага за развој на спортот, а тоа значи дека државата преку буџетските средства и на други начини има обврски да го помага спортот. Но, во колкава мера тоа ќе се оствари, зависи од можноста на државата во овие периоди.

Факт е дека во ова време со сите овие присутни проблеми и состојби, државата не е во можност соодветно да ги прати потребите на спортот и спортистите, па дури и во оние случаи кога директно се претставува државата. Сите ние сме сведоци на тие проблеми што дел од дискутантите ги изнесоа. Тој меѓупростор, таа празнина засега успешно се покрива со ангажирањето на сојузите, на спортските ентусијасти и спонзорите во разни спортски дисциплини, но факт е дека сето тоа не може да има долг здив па сите мораме да живееме во убедување и очекување дека вкупните состојби на државата ќе се подобрат и државата ќе има поголеми можности за следењето на потребите од спортот, бидејќи мислам дека е факт и објективната денешна состојба кога резултатите на нашите спортисти на меѓународен план се далеку пред условите кои им се овозможуваат за тоа. Тоа на многу начини и многу пати е докажано.

Во целина законот ја постигнува својата цел бидејќи обезбедува единствено законско уредување на прашањата и односите во областа на спортот односно нормативно правните предуслови за обезбедување и остварување за старт на еднакви права и положба на субјектите учесници во спортските активности.

Вградените решенија се солидни. Новини за мене во досегашнава законска регулатива се: можноста спортските клубови да се регистрираат односно да регистрираат спортски здруженија и претпријатија во зависност од тоа какви можности има клубот односно на каква организациона поставеност е клубот и според двете форми на дејствување може да дејствува.

Многу значајна работа за мене е изричитата забрана на верско дејствување и на дејствувањето на политичките партии во спортот, бидејќи како подолгогодишен работник во спортот сум го почувствувал и знам што значи таквото дејствување. Тоа носи големи штетни последици

па и политички импликации во државата. Сите сме сведоци на тоа што се случуваше на спортските борилишта и при распадот на Југославија, а понекаде, тука и таму какви искри и зачетоци на тоа наоѓавме и наоѓаме и на нашите спортски терени.

Добро е што институцијата МОК како спортско здружение е разработена и дадена е можност во МОК на доброволна основа да се зачленат спортските сојузи, во согласност со нормативните акти на МОК и со овој закон.

Стриктното придржување на принципите на единствени услови за обавување на дејноста на спортот, а тоа е обезбедувањето на соодветни објекти и соодветни стручни кадри е добро поставено и мислам дека ќе пружи добри резултати. Новина е доведувањето на Советот како советодавно тело на министерот, бидејќи очекувам дека составот на тоа тело ќе биде составен од искусни спортски работници кои ќе можат да дадат помош од аспект на своето искуство и практичн дејствување.

Учеството на странските државјани, ако се мисли на спортисти и тренери исто така е новина, разработено е овој закон и со оглед на сите севкупни движења во Европа, спортот во Европа, јасно е дека такви појави се повеќе ќе ги има и во нашата земја. Утврден е јавниот интерес на државата во спортот, разработена е категоријата аматерско и професионално занимање со спортот и посебно категоријата врвни спортисти, една категорија која што е драгоцена за секој народ особено за нашиот, бидејќи факт е дека ние сепак сме спортска нација со сите постигнати спортски резултати и очекува дека со утврдувањето на критериумите за врвните спортисти ќе се овозможат уште поголеми стимули за спортистите да ги постигнат максималните спортски резултати.

Очекувам дека и со донесувањето на посебниот закон за објектите, ќе се разрешат проблемите на овој план што се евидентни и присутни денес.

Имаме можности што треба да се искористат и денеска, уште повеќе да се олесни функционирањето на спортот и подобрат условите за спортување, што очекувам да се направи и со разгледување и прифаќање на голем дел од денешните поднесени амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Димитар Поповски има реплика.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам што повторно излегувам на говорница, меѓутоа бев спомнат од мојот почитуван колега г-дин Бојков па да дадам едно образложение.

Јас стојам зад она што го кажа Комисијата што ја водам Комисијата за образование и наука и од тоа не бегам, тоа е што го донесе ставот Комисијата. Меѓутоа, еволуција во моето размислуваше дојде после состанокот на Комисијата матична за овој закон, а тоа е Комисијата за екологија, спорт и млади и тоа од следните причини Мојата комисија прифати амандман во кој вели дека Советот за спорт го сочинуваат покрај научни и стручни работници од област на спортот и други истакнати работници од спортот, значи нестручњаци. На таа седница сосема ми стана јавна определбата за дејноста што ќе ја врши тој совет. Јас, на Комисијата кога се расправаше на Комисијата за образование, воопшто немав претстава дека се планира распределбата и дистрибуцијата на средствата што ги издвојува државата, а мораме да го знаеме и тој податок државата во овој момент издвојува само 20% од потребните средства за реализација на спортските програми во Република Македонија и од тој момент јас еволуирам во своите

размислувања. Некако почнаа да ми се сложуваат коцките кон што тоа води. Јас тоа сомневање јасно го кажувам. Ако министерот си ги бира членовите на Советот, тие членови на Советот што ќе врши дистрибуција може да бидат многу субјективни Тоа што се зборува дека на почетокот на годината секоја спортска асоцијација ќе знае со колкави средства ќе располага, па и до сега беше тоа така. Секоја спортска ситуација доставуваше програма за потребите за реализација и некој, а тоа "беше Претседателството на Сојузот на организациите за физичка култура, преку своите комисии што ги имаше определуваше, од средствата на државата што ги издвојува за таа и таа година, на пример ракометен сојуз доби толку, кошаркашки сојуз доби толку итн. Оваа година на пример ракометниот сојуз беше предвиден со 1.100.000, а потроши 2,5 милиони. Сега во оваа ситуација со овој концепт Претседателството на сојузот на Советот на спортот и претседателот на тој совет што ќе го избере, а тоа е дефинирано поинаку, амандмански, ќе биде претседател на СОФКА. Од тие причини јас еволуирав во своето размислување и како размислување го истакнувам каде може да дојде до недоразбирање и да се направат грешки.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Го слушнав образложението на мојот колега и пак не ми е јасно на пример да има толкава еволуција во размислувањето поради тие факти што се наброени. Тие факти беа присутни порано и распределбата на средствата како одела и со сите слабости итн., тоа го знаеме уште од порано, не е нешто што сега ние на комисиите сме го слушнале и разбрале. Сепак, повторувам, не ми е јасно таа еволуција да биде толкава да постои една таква метаморфоза кај човек да може да потпише акт со кој се прифаќа Законот а во денешната расправа да искаже толкава скепса, дури да каже дека не е сигурен дали ќе гласа за овој закон.

V/7.-

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Жал ми е ако не бев доволно разбран и ако не е разбрана мојата метаморфоза, како што кажа г-динот Бојков. Меѓутоа, моите размислувања одат и до таму, не знам дали го регистрираше тоа, од причини што Министерството ја презема сета улога на досегашното претседателство и на Сојузот на организациите за физичка култура, со сите негови комисии. Апсолутно е непотребно фигурирањето на МОК во овој закон, затоа што овие членови кои се наведени во Законот се права и обврски кои произлегуваат од Олимписката Повелба. Зошто во случајов, кога има само обврски а никакви права, да стои МОК. МОК ќе биде изземен од ова, Министерството сака се да преземе во свои раце за тоа што го дава на спортот, нека го преземе. МОК нема апсолутно ништо со тоа. Во МОК ќе се зачленуваат Олимписките спортови, ако сакаат. Во тие услови може да се зачленува кој сака во МОК а сигурно тоа е во интерес на олимписките спортови.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, постојниот закон за физичка култура од 1984 година со дополнувањето од 1991 година не соодветствува со новите услови на живеење во новиот општествено - економски и политички систем и во услови на пазарно стопанство. За таа цел донесувањето на нов закон за спорт е од големо значење, бидејќи проблемите во спортот од ден на ден се повеќе се зголемуваат.

Со донесувањето на овој закон ќе се уреди спортот како дејност и ќе се регулираат односите помеѓу субјектите во спортот, како и условите кои треба да бидат исполнети за обавување на дејноста спорт, со што ќе се стави крај на кризите што ги зафаќаат поодделни спортски сојузи а пред се заради непостоењето на соодветна законска регулатива.

V/8.-

Сметам дека со Законот за спорт, а понатаму и со сите други закони кои ќе ја допрецизираат материјата спорт, а секако и другите подзаконски акти што Министерството за образование и физичка култура треба да ги донесе во рок од 6 месеци, што произлегува како обврска од овој закон, со тоа ќе му помогнеме пред се на главниот актер, спортистот да не игра други игри освен спортска- та игра. Само така можеме да очекуваме добри односи меѓу субјектите во спортот и на крајот, се разбира, врвни спортски резултати што е јавен интерес на Република Македонија.

Предлогот на законот за спорт за мене е прифатлив, бидејќи покрај многубројните позитивни елементи исклучително значење е тоа што на спортските активности, активностите на спортистите и спортско - рекреативните активности на граѓаните им дава еднаков третман со спортските активности на децата и младината кои се занимаваат со спорт.

**РИБИНЧО БЕЛЧЕВСКИ**: (продолжение)

Значи, ни се дава посебно место на тие спортски активности на децата и младината и со специјални спортски програми, со талентирани ученици третирајќи го како јавен интерес на Република Македонија Ова е се разбира првиот и единствен пат на спортот во Република Македонија, дотолку повеќе што до создавање на еден врвен спортист покрај талентот, добар тренажен процес, добар стручен кадар потребна е и стимулација, а неа ја има во овој закон.

Посебно место во Предлогот на законот има здравствената заштита и пензиското и инвалидското осигурување за врвните спортисти и аматери како јавен интерес на Република Македонија. Аналогно на тоа посветена е една цела глава, тоа е шеста глава од Законот за здравствената контрола со што се сака да се заштитат лицата кои активно се занимаваат со спортско рекреативна активност во спортските здруженија и претпријатија кои вршат дејност спорт. Здравствената контрола на учениците т.е. децата и младината во спортските активност] Се надевам дека со здравствената заштита ќе се заштитат учесниците во спортот а со овој закон ќе се регулира и заштитната дејност – спорт која што моментално боледува за нашата среќа, од сепак излечива болест.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Законот за спорт е донесен. Бидејќи имавме една фаза од донесувањето, немавме можности да направиме една поконструктивна дискусија, така да можевме да кажеме само некои генерални забелешки на Законот. Нешто што преовладуваше во дискусијата на сите пратеници беше финансирањето. Она што останува во врвниот спорт и она што е една категорија помал, тоа е општинскиот спорт, финансирањето на

на општините е оставено на најниски гранки и тука нема никој стимул. Што сакам да кажам.

Спортските клубови и спортските друштва оставени се да вегетираат во општините без никакви извори за финансирање. И овој закон не нуди некое радикално подобрување во однос на финансирањето. Предлогот што е даден за размислување во Министерството е дали е можно дел од игрите на среќа да биде вметнат во овој закон со тоа што би се направил простор за едно нормално финансирање на спортските клубови.

Друго прашање кое беше повеќе пати покренато е објектите. Иако не се опфатени со овој закон објектите, мудро законодавецот ја оттргнува оваа тема од дневен ред, затоа што ако беше поставен титуларот и сопственоста на многуте објекти ќе беше доведено во прашање изгласувањето на овој закон. Нешто што во овој закон мене ми е не јас. но, недоречено е Македонскиот олимписко комитет. Ова ми доликува како на еден пратеник кога стана од говорница и инсистираше парламентот да внесе фудбалски клуб во една повисока лига, или кога се предлагаше од оваа говорница парламентот да разговара какви се девијантните појави во фудбалскиот сојуз на Македонија. Исто така и ова на релација со македонскиот олимписки комитет. Ако знаеме дека ова е невладина организација многу е невкусно да ја ставиме под капата на државата, бидејќи со членовите 13, 14, 15 и други мислам дека се крши Меѓународната олимписка повелба а знаеме како се организира меѓународната олимписка повелба, бидејќи Македонскиот олимписки комитет беше организиран и пред донесувањето на Законот за спорт. Па, би ја замолил г-ѓата министерка да ни објасни што во ова ќе има удел македонскиот олимписко комитет. Да ги објасни овие недоразбирања со цел да не се случи да направиме некоја грешка и да ни се смеат

меѓународните организации, затоа што ова е асоцијација во која доброволно се членува.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСТСИ:**

Со овој законски проект во државата за проблематиката на со портот министерството многу сериозно и комплетно го подготвува законскиот проект. Прво, пред месец - два како за Предлог на закон расправавме, а сега расправаме за Предлог на закон во кои се вградени без малку сите аргументирани залагања на пратениците на претходната седница.

Јас мислам дека често правевме грешка и Министерството за образование досега, и сега правам грешка, велам Министерство за образование, со овој законски проект, сметам дека веќе нема да правам грешка и ќе велам Министерство за образование и физичка култура.

Денеска во општиот претрес сакам да афирмирам залагање за уште подорегулирана, поквалитетна здравствена заштита и контрола на психофизичката спремност на спортистите, како многу важен сегмент кој е регулиран во членовите 33, 34. 35 итн.

Сметам дека една институција која што постои во Републиката Заводот за спортска медицина, е институција која што долго време е присутна, долго време работи квалитетно, има концентрација на високо стручни, компетентни кадри од спортска медицина, има комплетна опрема и за контрола на здравјето и за контрола, посебно потенцирам, на психофизичката спремност на спортистите за највисоки резултати. Некогаш ние велиме дека спортистите треба да имаат и над човечки залагања и способности за да победат, како што победи Пелистер, за да постигнува резултати на 16 години, како што постигна Маленко, а некогаш треба да кажат компетентни кадри дали некој може да учествува на пливачки маратон со кои години со кои способности итн. Рака на срце, сметам дека,и не г негирам правото на лекарите од разни специјалности

кои можат да го контролираат здравјето а не секогаш можеме, вклучувајќи ме и мене, .и јас сум работел во спортски организации до крај компетентно да ги оцениме и да ги документираме психофизичките способности на активните спортисти.

Моето залагање е во законскиот проект, во членовите кои ја регулираат здравствената заштита до крај да се определиме за улогата на нашите изградени кадри, специјализирани кадри за повремена задолжителна контрола на здравјето и психофизичката спремност на активните спортисти. Низ, амандмански предлог група пратеници се залагаме за едно такво решение.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Имав прилика минатата среда заедно со голем број на битолчани да се радувам на успехот на ракометарите на битолски Пелистер во Полска и заедно со навивачите на Пелистер осетив што значи за една спортска екипа постигнување на успех на Меѓународен план. Тоа беше основниот поттик да се јавам за дискусија, можеби и на крајот на оваа расправа, и поаѓајќи од фактот кој што еден навивач кога се врати од Полска рече дека имал сознанија од порано дека во Бивша Југославија после успехот на некоја спортска екипа наредниот ден 40 посто продуктивноста на работа била поголема во работните организации, па може би и заради тоа сега многу повеќе се јавивме и овде за дискусија. Успесите на спортот не поттикнаа 40% да ја з големиме продуктивноста на нас пратениците.

Основното прашање што јас сега си го поставувам при донесувањето на овој закон иако не е предмет на самиот закон кој што денес го расправаме е прашањето дали ќе донесеме закон за спорт, а ќе останеме без спортисти. Кога го велам ова ми се наметнува основното прашање, прашањето на финансирањето на спортот. Ние можеме да

донесеме закони, квалитетни како овој закон и закони, многу други закони но основното прашање со кое се соочуваат спортистите од најнизок ранг почнувајќи од селските екипи кои се формирани, па до врвните екипи од кои се постигнуваат меѓународни резултати е прашањето на финансирање. Затоа малку ми е проблематичен членот 5 каде што се вели дек а спортските клубови и здруженија ќе бидат непрофитни. Јас може би ја сфаќам намерата кон тоа да здруженијата што се во понизок облик на организирање да бидат непрофитни, но и кај нив не можеме да тргнеме од една проста причина да тргнеме. Еден селски фудбалски клуб, кошаркарски клуб, не знам каков да биде, не може да постои ако нема спортско бифе. Тоа може би овде изгледа не долично кажување, но верувајте дека основното финансирање на тие клубови, на најнизок ранг му е спортско бифе или некој клуб кој што тие го имаат формирано и им преставуваат извесни средства за финансирање. Ако со овој закон тоа го укинеме тогаш автоматски ги укинуваме тие клубови, бидејќи интересот за спонзорство е мал во клубови кои што се такмичат на државно ниво, а камо ли за спонзорирање на клубови кои се такмичат на општинско, регионално ниво. Затоа, сметам е и доколку сум добро информиран ако се отфрли овој став би било подобрување на самиот закон. Мене се уште не ми е позната спортска екипа, барем во Македонија која што остварил профит во текот на една година, туку секоја спортска екипа се соочува со проблемот на финансирањето.

Второто прашање од областа на финансирањето е прашањето на финансирање на јавниот интерес. Сметам дека во законот се наоѓаме во ситуација да расправаме во општ претрес, а сепак сме во завршната фаза каде што треба потоа со амандмани да се реши. Би било добро во иднина точно со критериумите што ќе ги донесува министерството точно да се одреди што е јавен интерес на Република Македонија и на кој начин ќе се финансира. Дали тоа ќе бидат во основа како основен услов

висината на средствата да се одредува според резултативе што ќе ги остварува еден одреден клуб. Јас морам да напоменам, не може да биде финансирањето на еден спортски клуб, спортска екипа која постигнува меѓународен успех исто со екипа која се бори за опстанок во истиот систем на натпреварување во Републикава. Само последното патување на Пелистер чини преку 120 илјади германски марки, и во оваа прилика благодарност на оние членови на Владата кои што ни помогнаа, но истиот клуб, Пелистер добива колку онаа екипа која што се бори за опстанок во првата ракометна лига на Република Македонија. Затоа сметам дека при донесувањето на критериумите кои ќе се однесуваат на финансирањето на јавниот интерес ова треба да се има предвид.

Би сакал да кажам неколку зборови во однос на Советот што се предлага за формирање во овој закон. Јас лично сметам дека до крај не е прецизиран, а може би е тоа резултат на оние слабости и недоречености кои што се содржани во постојниот закон за државна управа и можеби министерството беше ограничено токму од аспект на тој закон да изнајде друг начин односно друга форма на уредување на оваа област.

Поаѓајќи од фактот што и господинот Поповски објасни и што можеше да се разбере дека веќе министерството прифатило покрај научни и стручни работници во Советот за спорт да учествуваат и други спортски работници се плашам овој Совет да не стане премногу голема врска помеѓу политиката и спортот. Се плашам да не се случи од тие 11 членови што се предложени во постојниот закон повеќето да бидат спортски работници"политичари", а многу помалку да бидат стручни и научни работници од областа на спортот. И денешната рас- права покажа дека спортот е интересен за политиката. Имаме голем број на политичари во светот, па и во нашата држава кога ќе изгубат одредени позиции во политиката, брзо, брзо, се приклучуваат кон спортска екипа, спортски сојуз или други организации и здруженија со цел да останат во

жижата на јавноста. Може би во овој момент не е можно, но со измената на Законот за државната управа предлагам министерството да размислува за формирање ако не на посебно министерство тогаш за уред за млади и спорт при Министерството или при Владата на Република Македонија.

Второ, кое што ме плаши за формирањето на овој совет е тоа што се плашам дека ние од внатрешноста на Републиката ќе останеме со помали финансиски средства. Се плашам од концентрација на одредени луѓе кои што сметаат дека спортот се одвива само во главниот град на Републиката.

На крајот, да кажам дека имам поднесено и два амандмана но кога ќе дојде на дневен ред да се расправа за тоа, доколку осетам за потребно ќе се вклучам за расправа.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас ја имав таа среќа да учествувам во расправата по Нацртот на законот по неколку основи. Едниот беше како претседател на џудо сојузот на Македонија. Вклучувајќи се во тие расправи имавме можност да изнесам многу работи кои што се однесуваат на Законот и да кажам свои видувања и видувања на џудо - сојузот на Македонија во однос на тезите кои што се развиваат и кои што ја обработуваат оваа материја во спортот. Затоа ме чуди што некои пратеници што исто така имаа можност да бидат вклучени во таа расправа што не ги изнесуваат своите тези во тие расправии што се водеа и во македонскиот олимписко комитет и сојузите. Но, тоа да останува овде само декларирањето, рекламирањето да го прават на говорницата на Републичкиот парламент.

Исто така она што е внесено во Законот, она што ја обработува тематиката на спортот на одреден начин е Предлог на оние кои што

учествуваа во расправата, а бидејќи Министерството доста флексибилно се однесуваше во однос на прифаќањето на сугестиите од страна на сите учесници во расправата.

Се среќаваме со еден нов закон кој што дава една целосна обработка на материјата на спортот во сите видови и неговите 12 глави што се во законот даваат можност за сеопфатност на она што е предвидено како активност во спортот.

Од спортските здруженија преку МОК, како врвно спортско невладино тело кое што треба во наредниот период да биде еден координатор на спортските сојузи во Македонија, со тоа што ми се чини дека расправата околу тоа дали треба или не треба да постои МОК, мислам дека многу повеќе е врзана со првиот човек на МОК, отколку со самиот МОК и кај некои пратеници како да постои некој амонитет спрема првиот човек на МОК. Затоа поради него сакаат воопшто избришување на главата на МОК, што е само единствена асоцијација на спортистите од РМ. За тоа е и поставена во законските одредби.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:** (Продолжение)

Што се однесува до III-та глава - јавен интерес во спортот кој на одреден начин предизвикува најмногу интересирања во јавноста и помеѓу спортските работници овде во Парламентот, тоа е еден нов вид на одредување при вршење на надзор во финансиското работење во спортот; бидејќи е многу чесно да се каже ако државата вложува определени средства во спортот макар биле само 20% иако мислам дека таа бројка е многу повеќе макар и 20% да било, тогаш државата мора да бара определена одговорност за вршењето и трошење на средствата. Бидејќи комисијата која до сега постоеше на ниво на СОФКА на Македонија - Комисија за квалитетен и врвен спорт, 15 години работи во непроменлив состав и едни исти луѓе одлучуваат за тоа на кој начин ќе се трошат средствата без какви и да било извештаи и каде и колку се потрошени и со каква цел се потрошени тие средства.

Нормално е Министерството да стави рака во однос на трошењето на средствата за да не се случува во светот да патуваат луѓе во името на спортот и со парите од спортот на свои лични патувања каде учествуваат по разни митинзи, а сето тоа го плаќаше државата. Министерството воопшто не се меша во оној дел од средствата кој ќе се обезбедат на ниво на спонзорство,на ниво на донаторство, тоа секој спортски работник кој може да обезбеди толку подобро ќе биде за организацијата која ја претставува. Затоа реагирањето на определени пратеници во смисла на тоа дека сега некој ќе ја крои капата на финансирањето, ги сфаќам како оправдани, бидејќи тие имаа ексклузивно право во еден период од 15-16 години да одлучуваат за сите спортови во РМ за тоа како ќе се делат средствата, а нормално во такви услови кога и самите се претставници на вакви сојузи, најголем дел од

тортата го зачувуваа за својот сојуз. Затоа во оваа ситуација кога се создава едно неутрално тело на истакнати спортски работници научни и стручни спортски работници, кое ќе дава адекватно мислење и спрема приложени програми ќе определува вршење и распределба на средствата од спортот, тогаш некој од замислените големини во спортот се наоѓаат во незгодна ситуација дел од нивните големи планови пропаднат, бидејќи се од не добиени средства. Тоа можам да го сфатам како член на овој парламент, но треба да го имаме во перспектива целокупниот развој на спортот во Македонија, а не само поединечни спортови како што досега се финансираше.

Мислам дека Законот целосно и сеопфатно ги опфаќа сите институции и сите севери на дејствување во спортот и затоа предлагам овој закон да го усвоиме.

Ви благодарам.

Има збор г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, очигледно дискусијата која до сега се разви на оваа тема, покажува дека во секој случај постои голем интерес за оваа проблематика во спортот и жалам што не се искористи можноста од предлагачите евентуално да се даде шанса на пратениците ова да го искажат и сето тоа што се кажува сега да се имплементира во законот односно сите знаеме како помина расправата по Предлогот за донесување на законот, сите се најдовме некако изненадени и Предлогот за донесување на закон остана без дискусија, можеби беше згодно предлагачот да ја искористи можноста законот да излезе во втора фаза како нацрт да има шанси да ги слушнат мислењата од пратениците и да имаат шанси да ги вградат во конечниот

документ кој сега го добиваме и да бидеме објективни и реални оти многу тешко се влијае со амандмани тоа го знаеме од досегашното искуство и уште повеќе што со амандмани често пати не може да се менува концепцијата.

Јас морам да кажам слично како и некои мои колеги што кажаа овде дека сепак во Законот оставени се голем дел од проблемите недоволно дообјаснети и недоволно допрецизирани со можност и со обврска понатаму Министерството и министерот ги допрецизира со подзаконски акти. Сега испаѓа дека во стилот на досегашните закони што во последно време ги носиме и овој и други Министерството односно министрите се во функција на некој начин сами да донесуваат регулатива наместо да ја спроведуваат регулативата, бидејќи сме сите сведоци дека во последно време скоро сите закони кој одат имаат доста членови каде што стои тоа и тоа ќе се определи со подзаконски акти на министерот. Испаѓа дека со секое доаѓање на министер било кој, затоа што се сите променливи ќе може начелно да се менува и политиката во одредени области со донесување нови подзаконски акти мимо Парламентот кој е надлежен тоа да го спроведува.

Исто така е забележливо нешто што во доста други закони како и во овој стои, а тоа е набројување на одредени ингеренции или должности на некои субјекти, се користи терминот "особено" ќе се грижи особено за, ќе се спроведува особено тоа, значи има нешто што не е особено, но пак ќе го работат и слично. Сепак се оставаат некој недоречености кои понатаму, се надевам, нема да бидат зло-употребени.

Морам да кажам уште една начелна и глобална забелешка дека сепак овој закон го гледам како закон кој е насочен кон врвниот спорт, а

не кон спортот воопшто и коментирам зошто. Сепак интенцијата на овој закон е дадена наместо досегашните СОФКИ нивната улога ја презема на некој начин МОК односно Македонскиот Олимписки Комитет, самото име кажува дека се однесува на Олимпијадата односно на врвните спортисти. Значи, ние како држава се ангажираме исклучиво да одиме кон врвен спорт кон врвни резултати, а она другото масовното прилагодено кон сите граѓани на државата да го занемаруваме. Факт е и тоа дека со овие финансиски услови што ги имаме тешко ќе успееме во догледно време, а дај боже да успееме да остваруваме толку големи резултати на меѓународен план и да постигнуваме како што рекоа пред мене некои говорници, нашето знаме да се вее на некоја Олимп јада. Јас мислам дека сепак во овој закон треба да се посвети малку повеќе внимание на спорот за пошироки маси уште повеќе во членот 18 каде е наброен јавниот интерес на РМ воопшто ги нема деловите кои се однесуваат на членот 2. Во членот 2 од Законот се спомнува што се подразбира под спорт во смисла на овој закон. Имаме спортски активности кај деца и младина, веднаш ќе коментирам од овој дел во јавниот интерес опфатени се само специјални спортски програми со талентирани ученици, значи многу мал слој од овој сегмент на спорт е опфатен во законот во јавниот интерес, потоа активности на спортистите и тоа пак се однесува во јавниот интерес 90% на врвниот спорт и на крајот во членот 2 имаме рекреативни активности на- граѓаните, а тие воопшто ги нема во јавниот интерес. На крај испаѓа дека овој закон го носиме за многу мал дел до спортот, односно од она што се подразбира под спорт од овој закон. Јас мислам дека тоа е добар пропуст и мислам дека интенцијата на овој закон согласно материјалните услови и прилики во нашата држава требаше да се насочи кон тоа јавниот интерес и делот што се однесува на спортската активност на децата и младината, а не

само на специјалните спортски програми за талентирани ученици. Уште повеќе ова го потенцирам заради тоа што сите сме свесни дека активноста или ангажманот на младите во спортот значи можност за нивно оттргнување од ова што денеска се случува со младите опасноста од дрога и други работи. Сепак мислам дека јавниот интерес на РМ во спортот требаше тука да го најде своето место.

На крајот би коментирал уште нешто, а тоа е финансирањето и начинот на финансирањето односно во членот 23 од ингеренциите на Советот или можностите кој Советот за спорт ќе ги изврши покрај другото на крајот стои и други работи утврдени со овој закон и што ќе му ги довери министерот. Значи, тука се отвора фронтот и можноста за она што пред малку се полемизираше можноста Советот да ги дели финансиите од спортот јас ќе бидам радознал како и многу други и од начинот и од имињата кој ќе ги добиеме при изборот на Советот многу јасно ќе ни биде ставено до знаење начинот на кој се мисли понатаму да се води спортот дали да се води преку политика или да се води преку стручни работници. Верувам дека за кратко време по донесувањето на законот кога ќе ги видиме имињата кои министерот ќе ги назначи во овој Совет многу јасно ќе кажат какви се интенциите на желбите за спроведување на Законот и на крајот желбите за донесување на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе настојувам да бидам краток, заради тоа што ова не е прва фаза, не е нацрт, веќе е Предлог-закон, сега дали имавме шанса да

разговараме за овој закон на претходната седница или не, тоа е друго прашање, меѓутоа, имавме можности во еден вакум да ги дадеме своите предлози до Министерството и тоа според својата оценка да ги смести во Законот кој е веќе предложен.

Кај мене, морам да ви кажам искрено, сега си замислувам каква шема, каква организација би ја имале во рамките на спортот и во тој дел, жал ми е што на некој начин овој закон не содржи одредена содржина и за спортските објекти, туку оставивме да правиме еден посебен закон и таму да ги одредуваме односите кај спортските објекти.

Повеќе пати во Куманово дискутиравме за овој проблем на ниво на СОФКА, а дискутиравме и на ниво на други субјекти и тогаш дадовме една забелешка и сметавме дека ќе беше поисправно овој закон да имаше еден дел кој ќе ја регулираше и оваа проблематика од многу причини заради тоа што еве сега ќе ви посочам еден пример за Куманово како се однесува СОФКА, која е овластена да управува со сите спортски објекти што ги има во градот. Меѓутоа, во претходните членови практично СОФКА се укинува. Со член 63 се дозволува на некој начин дека одредени организации во донесувањето на законот за спорт односно за деловен простор треба да управуваат, меѓутоа, практично ако овој закон не се донесе најмалку 2 години, зборувам примерно, кој ќе управува со тие објекти. Дали тука не ма да се јави сериозен вакум за да спортските објекти останат така недоречени. Тоа се однесува еве низ примерот на Куманово. Можеби такви примери има и во други општини и затоа ние практично имаме една заложба овој закон да се забрза и во рамките на 6 месеци ако може да се донесе заради тоа да го покриеме она што претставува посебна празнина.

VII/7

Што се однесува до Советот што се нуди тука, барем за мене добро е тоа решение што Владата го прифатила односно Министерството покрај стручни и научни работници има и дел на спортски работници заради тоа што сметам дека она што претставува надлежност на Советот има одредени ингеренции и можности одредени спортски работници кои имаат големо практично искуство да придонесат во тој дел што е регулирано како надлежност на самиот Совет. Имаме спортски работници кои учествуваат повеќе од 30 години во спортот, тоа е интелектуалци, што не значи дека тие не можат со своето искуство да придонесат за поделба на материјалните средства во рамките на РМ. Макар да тука има анализи, да не го повторувам.

Имам една своја дилема зборуваме за МОК а укинуваме СОФКА. Секогаш сум размислувал а и сега размислувам дека МОК претставува нешто повозвишено, што води поголема и поконструктивна да не|' кажам поквалитетна политика на ниво на државата, во рамките на меѓудржавни контакти, соработка околу репрезентацијата, меѓутоа, сметав дека со укинувањето на СОФКА има можност да се создаде една празнина во локалните самоуправи. Практично вака законот како ги регулира прашањата немаме можност кој да ги организира спортските субјекти во рамките на локалната самоуправа. Ние и до сега имавме спортски сојузи во одредени спортски гранки, тие сојузи ја водеа политиката во таа дотична гранка, меѓутоа, кога ќе го поставам прашањето за еден Пробиштип во кој имаме во секоја гранка по еден спортски клуб, тие немаат сојузи во рамките на локалната самоуправа, практично Олимпискиот Комитет е поставен како што е поставен, му се дадени неговите надлежности, ми се чини дека локалната самоуправа ќе ја оставиме без ниту едно организирано тело кое ќе ги координира и организира сите спортски активности во рамките на општината. Ние со Законот за локална самоуправа дадовме одредени овластувања на

локалната самоуправа која треба да учествува и во финансирањето и креирањето на спортот. Меѓутоа, она што остана во рамките на државата лично сметам дека државата ги презема оние поквалитетни спортувања од поквалитетна лига, а она што остана помасовно во рамките на општината ми се чини дека МОК сега како е поставен во Законот лично сметам дека тоа не ќе може најквалитетно и доволно да го организира и постои сериозен вакум во овој дел така што еве јас со еден амандман предложен во членот 10 ако може тоа да се дорпецизира да може да се овозможи одредени локални самоуправи да формираат одредени сојузи токму во таа смисла. Сега јас не го открив тоа преку Законот, можеби намерата е посложена, но лично сметам дека ако беше попрецизно во тој дел тогаш ќе имавме шанса и ние кој работиме во рамките на општината да го имаме тоа предвид се во интерес на она да имаме закон а да нема практична вредност самиот закон. Во таа смисла јас се залагам.

Во целина ние во Куманово како СОФКА кога имавме состанок го поддржавме законот, сметаме дека е квалитетен, добро е што носиме еден таков закон, но овие мои две забелешки ги изнесувам тука јавно и мислам дека министерот, ако има можности, да ги прокоментира за да и јавноста нема дилеми во однос на она што претставува локална самоуправа и објектите кои би можеле да се јават во еден вакум посебно низ примерот на Куманово, заради тоа што сите објекти се дадени на управуваше на СОФКА. Се плашевме со укинување на СОФКА дали објектите ќе останат такви какви што се, кои и така се во многу лоша положба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ :**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, прво да кажам дека Комисијата за екологија, млади и спорт на два наврати темелно го разгледуваше законот и едногласно го поддржа со соодветни предлози кои ги даде за изменување и кои на наша среќа беа прифатени од претставникот на Владата да го донесе законот.

Би сакал да кажам уште неколку реченици во мое име.

Прво, навистина законот денеска трпи бројни критики а можеби и сериозни критики, меѓутоа, би сакал да укажам на неколку моменти.

Првиот аргумент кој сакам да го предочам е дека ние имаме среќа денеска да разговараме за законот за спорт во услови кога други соодветни закони кој треба да го пратат овој закон, а кој не се во надлежност на министерството кое го изготвува овој закон не ги имаме донесено, меѓутоа, имаме концепт предочен од страна на Владата како тие треба да изгледаат за да можат да кореспондираат со овој закон.

Пред се, мислам на законот за здруженија на граѓани кои очигледно треба да претрпи измени, па дури и законот за институции кој го немаме, во било каква форма добиено, а кој треба да кореспондира во било кои делови со овој закон.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Втората работа што сакам да ја кажам е фактот дека треба да го погледнеме овој закон и од една друга страна. Во процесот на веќе изминатиот процес на замена"на т.н. СИЗ - овско финансирање на одредени дејности што ги презема директно државата, ние се одлучивме за промени. Меѓутоа, што се случи? Веќе денес можеме да констатираме дека само во делот на образованието и делот на спортот ресорот што го покрива госпоѓата Симовска ние дефакто донесовме закони и ни се понудени закони. Додека во сите други сфери што имаат слична проблематика или на сличен начин ги третираме како држава ние немаме досега донесено па дури ниту еден закон. Сега, да ги наброиме кои се тие сфери таму?

На пример културата. Јас сум пратеник скоро четири години во овој Парламент и не памтам во сферата на културата, се сменија неколку министри, меѓутоа ниту еден закон не ни е понуден. Во сферата на науката. Во сферата на здравството одиме со промени за кои од ден на ден самите паѓаме во контрадикторност, укинуваме и воведуваме циклично на секоја година - две иста работа. Така што, сакам да предочам на овој Парламент дека и покрај сериозните критики и наговестувања дека овој закон можеби не треба да биде изгласан сепак треба да биде изгласан затоа што овој закон, заедно со законите за образованието се единствените две области од т.н. општествени дејности што ние се обидуваме колку - толку да ги реформи- раме во услови кога не се проследени со други побазични закони за нивното организирање, Законот за институции, Закон за здружување во овој дел и тн. Сакам да кажам дека треба да се цени напорот на ова министерство кое во својата надлежност ги понуди законите да ги реформираме тие дејности што се во надлежност на образованието и на спортот, во кој спаѓа и овој закон. Во другите немаме никаков обид за таква промена.

VIII/2.-

Па, дури јас мислам да кажам, мислев дека начинот на кој беше составена Владата, според политичкото искуство и неискуство на поодделни носители на овие ресори, дека во овој ресор мислев дека и најдоцна ќе ги спроведеме реформите за што мислам дека сега имаме сосема, после 12-13 месеци сосема различна дефакто ситуација.

Сакам да предочам дека, сепак, овој закон значи уредување на областа што досега на некој начин беше уредена или недоволно или спротивно со постојната политичка економска и општествена филозофија, па дури и со уставните одредби што во еден дел се различни за овој вид на дејности во државата.

Заради тоа сметам дека не само што треба да го донесеме законот, туку треба да ги преточиме нашите критички забелешки, во пофални забелешки дека, како што овие закони следеа во овој дел, треба многу побрзо да дојдат и законите во другите соодветни дејности. Не според тоа што работат туку според начинот како оваа држава ги третира, преку државно или парадржавно финансирање.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Има збор госпоѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Иако во воведот се обидов да дадам некои објаснувања во врска со некои од овие нови елементи што беа внесени во законот, од дискусијата гледам дека можеби дел од нив не беа доволно јасни. Не би должела, би резимирала односно би се задржала само на неколку прашања што беа дословно поставени како прашања во текот на дискусијата. Инаку, се согласувам сосема со дискусиите што и самите

го дефинираат овој закон како несовршен, ниту јас верувам во постоење на совршен закон. Ниту дејноста спорт е од таква природа да можеме секој елемент што нам во моментот не асоцира на дејноста спорт, очекуваме да биде вграден во овој закон. Меѓутоа, ќе одам не по редослед, туку онака како што сум ги набележувала.

Едно од најболните точки, можеби, во усогласувањето во текот на расправата, а еве и сега едно радикално прашање е поставено, тоа е статусот на МОК. Има и таков амандман. Не би сакала кога ќе биде амандманот, кога ќе го одбивам да го образложам, туку би го искористила, би ја искористила можноста да одговорам на прашањето бидејќи прашањето ми беше поставено од еден од пратениците - Зошто МОК во овој закон?

Факт е дека МОК е невладина организација. Меѓутоа, невладини организации има и други што можат да бидат предмет на еден закон до колку нивната основна дејност е дејност што е предмет на овој закон. Ќе се согласите дека и едно приватно претпријатие кое обавува дејност спорт несомнено е невладино. Но, тоа е предмет на овој закон во оној дел во кој се допира со надлежностите на министерството.

Во иста функција и Македонскиот олимписки комитет заслужува посебна глава со посебен наслов, според мене, заради своето значење во овој закон, а не бришење на членови што воопшто ја регулираат оваа проблематика. Ни случајно тоа не значи мешање со прави лата на Меѓународната олимписка повелба, бидејќи такви правила има секое здружение, секој сојуз кој е член на некоја повисока меѓународна асоцијација. Овој закон не се меша во тие правила со тоа што ги прави сојузите предмет на овој закон.

Единствено кое што беше предмет на овој закон а е врзано за Македонскиот олимписки комитет, тоа е начинот на кој што МОК ќе соработува со министерството. Не можам да најдам посоодветен збор од зборот "соработка", бидејќи според она што го предлага законот на МОК му е дадено она што е дадено на сите здруженија што се предмет на овој закон. Тоа е постојано да учествува во подготовките на сите програми за развој на спортот и сета грижа што ја имаат сојузите да ја има и МОК како здружение, да учествува во донесување на критериумите за распределба на средства и се разбира сите оние посебн надлежности што се врзани за спецификите на МОК. Согласно на тоа, навистина не гледам логика една ваква значајна институција не биде вклучена во овој закон. Дури, чинам дека се малку три члена.

Второ прашање што беше поставено и предизвика најголем дел од реакциите кај некои од пратениците, беше советот.

Мене, не ми е јасно од каде толкав страв од тоа дека државата презема поголеми ингеренции од тие што ги имаа до сега со тоа што го воведува советот, советот на министерот како советодавно тело. Имено, збунета сум од една реченица на еден пратеник кој дословно рече: "зарем државата ќе се грижи за распределбата на средствата". Ве молам, тоа се буџетски средства. Кој друг освен државата ќе се грижи за распределба на буџетските средства.

Меѓутоа, настрана од тоа, во самиот совет имаме вклучено како што и во воведното излагање се обидов да објаснам не претставници на државата, туку претставници на субјектите што вршат дејност - спорт. Дали по основ на научност и компетентност, дали по основ на пракса, односно она што го велиме научни истакнати работници.

Е сега, стравот, господа од тоа дека политиката може да се внесе во министерството преку тоа што некои работници од обласа на спортот

ќе бидат работници вклучени и во политиката. Да се погледнеме сите во ова Собрание. Зарем ценетиот господин Поповски не е и брилијантен политичар и брилијантен спортист и верувам брилијантен човек кој ќе придонесе во работата на пример во едно тело како советот на министерот. Впрочем, сите сме подложени во едно време, со различни димензии од својата личност се вклучиме во работата на ова тело. Впрочем, во секоја демократска држава е тоа така. Не гледам зошто нашата држава би била исклучок во тој поглед.

Сега едно прашање што беше во неколку моменти допрено. Тоа е прашањето на можностите за здружуваше, такви амандмани има. Велам, да не влегувам во расправа во амандманската фаза, сега би се осврнала на тоа со една реченица.

Сите облици за здружуваше по хоризонтала и по вертикала од исти спортски гранки од различни, се дозволени. Според тоа, нема никаква потреба како што некои од предлагачите на амандманите бараат посебно да ги набројуваме. Дали ќе бидат од локална самоуправа, да ли ќе се викаат регионални, дали општински, дали градски се е дозволено. Затоа служи таа фамозна точка во членот 10. Таа точка дозволува секаков облик на здружување. Немаме потреба да го повторуваме. Тоа е предвидено во законот.

Масовната култура што беше спомната и зошто не е вклучена посебно во поглавјето што го третира јавниот интерес на државата, јавниот интерес на државата, врзан за масовната култура кај децата, што беше спомнато во дискусијата на еден пратеник е третирано како јавен интерес на државата во Законот за основно и средно образование. Нема никаква потреба да го повторуваме во овој закон. Се што не е таму регулирано како јавен интерес е вклучено тука.

VIII/6.-

Само уште едно прашање, информативно беше допрено, но не постои комисија во која не беше начнато како тема. Тоа е ниската сума на казнените одредби во случајот на неповолен резултат од допинг контролата. Не е во наша надлежност определување на висината на казнената одредба. Несомнено дека е мала, но друг закон го регулира ова прашање. Сепак, тоа не е единствен начин да се санкционира ова дело, бидејќи секој сојуз, како што знаете, има можност самиот да вгради во својот статут и најтешка можна мерка, до колку смета дека е тоа неопходно. Ние таа автономија на сојузот му ја нудиме. Друга законска можност нема.

Толку би кажала.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господин Поповски.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Госпоѓо министерка, навистина ме оборивте. Јас ви благо- дарам на епитетите што ми ги дадовте до колку тоа се навистина, на- вистина искрено го мислите.

Многу ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование и наука поднесе амандмани на член 22 за додавање нов став 3 и на член 31 за додавање нов став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

VIII/7.-

Комисијата за -екологија, млади и спорт поднесе амандмани на член 4, член 8, член 15, член 20, член 30 и на член 31 став 1 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јован Лазаров, Иван Бојков, Владе Давитковски и Димитрија Поповски поднесоа амандман на член 29 за додавање нов став 2, со кој на седницата на Комисијата за образование и наука и Комисијата за екологија, млади и спорт се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман на член 22 став 1 со кој на седницата на Комисијата за образование и наука и Комисијата за екологија, млади и спорт се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман на член 10 за додаваше нов став 5 по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 9 став 3, член 17 став 3 и член 49 став 2, на член 17 за бришење на став 1, за менување на член 19, за член 22 став 2 и за менување на став 3, на членовите 26, 32 и 42, на член 29 во новиот став 2 и на член 53 став 1 алинеите 2 и 3 се заменуваат со нова алинеја 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 5, на член 16 став 3, со кои не се согласил претставникот на Владата.

Пратеникот Љубомир Чадиковски поднесе амандман на член 34 и истиот го повлече.

VIII/8.-

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 15 став 1 и за менување на алинеја 4 и на член 15 став 1 алинеја 4

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 10 став 1 и член 22 став 1.

Пратениците Слободан Даневски, Димитрија Поповски, Љупчо Мешков и Славчо Чапов поднесоа амандман за бришење на насловот "Б" "МАКЕДОНСКИ ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ" и на членовите 13, 14 и 15.

Пратениците Борис Павлов и Ристо Трајков поднесоа амандман на член 34 за додавање нов став.

Пратеникот Јован Николов поднесе амандман на член 34 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Најдовски, Славчо Чапов и Димитрија Поповски поднесоа амандман на член 10 став 1.

Пратеникот Димитрија Поповски поднесе амандмани на член 18 за додавање две нови алинеи и на член 27 за додавање нова алинеја по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Туше Гошев поднесе амандмани на член 7 став 2 и на член 10 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 4, член 8, член 9 став 1,2 и 3, на член 10 за додавање нов став по ставот 2, член 13, 14 и 15, член 21 и 22 и на член 35 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Стојан Ковачевски, Ратка Куљан - Зографска и Јордан Божиновски поднесоа амандман на член 33 за додавање нов став 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Симон Наумоски поднесе амандман на член 4 8 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор?

Владата не го прифатила амандманот.

Господин Бојков бара збор по амандманот на Законодавно-правната комисија на член 5.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Даден е амандман со цел, со бришењето на зборот "непрофитни" да се овозможи спортските здруженија односно клубовите да искористат полно можности да создадат средства, се со цел поуспешно да ја обавуваат својата функција.

Во денешнава ситуација каква ја знаеме со можноста за следење на државата за потребите на спортот, мислам дека е интерес и на државата да им овозможи на спортските здруженија што повеќе можности за стекнување на средства, бидејќи така ќе го намали притисокот спрема буџетот.

Сметам дека ова не може да се оправда да се формулира дека може да се здружуваат граѓаните и да основаат непрофитни спортски здруженија бидејќи во пракса факт е дека спортските здруженија, односно клубовите работат и стекнуваат приходи што на крај можат да бидат и профит како остаток средства и ако ова не се избрише тогаш клубовите ќе дојдат во судир со законот бидејќи ќе се констатира дека обавуваат дејност спротивна на законот.

**ИВАН БОЈКОВ**:(продолжение)

Тоа го илустрирам и со неколку примери бидејќи што е ако не е профит на пример продавањето на влезници за спортските натпревари. Профит кој што може да се движи и во стотици илјади марки, а речено е во текстот на законот дека спортските здруженија ги организираат натпреварите и во таа организација значи може да стекнуваат средства од продадени влезни билети. Ако ова стои така тоа значи дека на клубовите им се забранува да продаваат влезници за спортски билети, односно дека сите натпревари во Македонија ќе се посетуваат бесплатно. Факт е дека во поедини спортски дисциплини, во поедини спортски гранки тие средства можат да бидат и огромни. На пример во фудбалот не е ништо чудно од продадени влезни билети да биде сумата и до 300, 400 илјади германски марки од еден натпревар, на највисок меѓународен ранг. Сметам дека нема одржаност една ваква дефиниција во членот 5. Тоа го констатиравме на ЗПК и како нејзин известител се залагам зборот "непрофитни" да се избрише, бидејќи во пракса сите клубови би стварал , фактички би биле доведени да се судрат со одредбите од овој закон и да бидат земени на одговорност на крајот на годината кога ќе се констатира дека сепак створиле профит.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници).

Дали е некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 5 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за до- давање нов став 5 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3 поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор?

**ИВАН БОЈКОВ:**

Во амандманот се бара третиот став од член 16 да се укине каде што е кажано дека претпријатието може да врши спортска дејност ако ги исполнува условите опфатени со член 7 на овој закон и ако има доказ дека има обезбедено банкарска гаранција во износ од 20000 германски марки во денарска противвредност. Сметавме дека нема потреба од вакво условување при регистрацијата на спортските здруженија, на претпријатијата бидејќи оценивме дека нема потреба од донесување на закон лек - специјалист посебно за оваа намена и барам еднаков третман во условите за регистрација и формирање на претпријатија со сите други гранки и дејности и очекуваме дека, па и со законот за трговските друштва какви услови ќе се утврдат за регистрирање на претпријатија такви услови ќе важат и за претпријатијата што вршат

дејност спорт. Тоа е од таа формално - правна страна. Од практична страна сметаме дека на овој начин ќе се оневозможи формирањето на вакви претпријатија што е целта и на законот и ќе створиме уште една шанса само банките да стекнуваат провизии од вакви зделки и вакви договори за гаранции и дека ќе се оневозможи целта на законот да се формираат претпријатија што вршат спорт бидејќи овој износ во оваа ситуација посебно е тотално непотребен.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Со оглед на тоа што претходно беше прифатен еден амандман кој битно веќе го менува статусот на субјектите кои ја вршат дејноста. Според тоа јас овој амандман го прифаќам и на самата седница од Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде го прифаќа г-ѓата министер, а не таму. Доволно е

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи е содржано барањето со во самиот закон само поинаква формулација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришеше на насловот б) "Македонски олимписки комитет" и членовите 13,14 и 15 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Димитрија Поповски, Љупчо Мешков и

Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа од причини кои ги образложи пред малку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Министерката не не убеди доволно, бидејќи самата од оваа говорница кажа дека Владата нема намера да се меша во Македонскиот олимписки комитет. Ова го оборува сега членот 19 каде што кажува вака:"Јавниот интерес во спортот се утврдува со програмата за развој на спортот што ја донесува Владата на Република Македонија". Така што ова е спротивно на ова. Директно мешање на Владата во Македонскиот олимписки комитет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе и почитувани пратеници, предлагачот на амандманот сигурно не е запознат на ЗПК е прифатен амандманот на член 19 што доста го менува тој однос во врска со член 18 каде што се прогласува јавниот интерес и член 19 се менува и гласи: "За остварување на работите од член 18 на овој закон Владата на РМ донесува програма за развој на спортот'.' Што значи со член 19 не се прогласува јавниот интерес, јавниот интерес е прогласен со член 18 и сигурно во таа смисла амандманот би требало да го разгледа,или да го повлечат, или да се согласи, бидејќи амандманот е прифатен од страна на претставникот на Владата и е составен дел на законот. На седница на ЗПК и во извештајот е доставен.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Како потписник на овој амандман јас мислам дека дадов едно образложение зошто Македонскиот олимписки комитет е вметнат во овој закон. Вметнат е во услови кога требаше да ги превземе сите ингеренции на досегашната СОФКА и сите нејзини комисии. Меѓутоа, во услови кога Министерството ги превзема сите ингеренции на СОФКА и сега станува Министерството дистрибутер и распределувач на средствата на МОК воопшто не му треба ниту треба да инсистираме како држава да го планираме пред јавноста, светската јавност. Зошто МОК националните олимписки комитети се раководат пред се според олимписката повелба и прави- лата кои што важат за меѓународното олимписко движење. На овој начин ние само ќе придонесеме да го намалиме неговиот меѓународен углед со тоа што го ставаме во поткрилја на државата. И мислам дека ако сме умни треба да го прифатиме амандманот и во услови кога нема никакво влијание и никакви права МОК треба тоа да се избрише.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Јас не знам зошто го употребуваме зборот "бланирање" на МОК и ставање на МОК под капа на Министерството. Ни случајно не е ставен МОК под капа на Министерството, напротив Министерството сака да го вклучи МОК во сите оние прашања кои што се врзани за остваруваше на одредени програми за развој на спортот ш Сите клубови, сите здруженија кои сепак по друг основ под капа на државата, а кои можат да асоцираат и сигурни сме ќе асоцираат бидејќи тоа е нивни интерес од друга страна се асоцирани во ова здружение со самото тоа ние нему мораме да му

најдеме место во овој закон. И навистина не знам зошто би го бламирале. Под капа не го ставаме сигурно, ниту се мешаме во правилата. Неговите права се дадени со оние регулации кои што ги спомна г-динот Поповски од меѓународната олимписка повелба итн. Обврски не му даваме, односно му даваме можност да се вклучи на сите нивоа во она што претставува унапредување на спортот во најширока смисла на зборот. Зошто да не.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас мислам дека премногу даваме простор и дискусии за МОК кога донесуваме еден закон кој го решава спортот и мислам дека целосната определба на МОК за влегување на овие членови беше разгледана во МОК на највисоко ниво и претседателот на МОК присуствуваше на расправата по овој закон во Комисијата за спорт и екологија и даде целосна поддршка на законот ваков да оди во процедура. Сметам дека нашите ингеренции и компетенции што ги имаме како пратеници излегуваат надвор од овластувањата да ние денеска одлучуваме за членови кои што се директно врзани со олимпискиот комитет кој што беа разгледувани на сите нивоа во олимпискиот комитет за кој имаше отворена и дебата и расправа со присуство на сите спортски сојузи членови на МОК со присуство на дел од пратениците на тој состанок. И затоа сметам дека овие членови треба да останат во состав на овој закон , бидејќи ништо од претходните дискутанти не видов дека суштински се промени освен со тоа што луѓето од МОК замислувале дека ќе ги поделуваат парите. Парите не се никогаш предмет , поделбата на парите не смета каде, бидејќи за тоа се изјаснуваат и спортските сојузи.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам што излегувам по втор пат за овој амандман. Морам да кажам дека дадов образложение зошто е МОК вметнат во законот за спорт. Во расправите, широките расправи кога се водеа кој ќе биде највисокото спортско здружение, асоцијација на спортот во Македонија, ние кажавме дека ќе биде МОК. И затоа е МОК влезено. Ова што е внесено во законот за МОК тоа се обврските на МОК што произлегуваат од Меѓународната олимписка повелба. И воопшто не му се потребни на овој закон во услови кога има други права , поинакви права. Јас мериторно ви тврдам дека сите расправии, вие знаете дека сум јас и во МОК вклучен, знам на кој начин и под кои услови МОК прифаќа да биде највисокото, или асоцијација. Затоа не гледам навистина потреба да биде овде, нема никаква потреба. Не знам што кажал тој и каде кажал и каде дал поддршка, но дал поддршка во едни други услови, а не во овие што се изградија овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?(19 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на насловот б) Македонски олимписки комитет и чле- новите 13,14 и 15 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Димитрија Поповски, Љупчо Мешков и Славчо Чапов.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 за менување на алинејата 4 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман е од техничка природа, меѓутоа, не можам да го прифатам , бидејќи постои една македонска олимписка репрезентација без оглед на тоа што постојат различни спортски здруженија, спортисти кои учествуваат во тоа. Така што редакциски и граматички не е издржана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Слободан Најдовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 алинеја 4, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Ваков амандман е прифатен на Комисијата за образование и тој е составен дел на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го прифаќате амандманот?

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Тој веќе е прифатен и е составен дел на законот.

Овој не можам да го прифатам, бидејќи ист ваков амандман....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако е ист, го прифаќате, а ако е различен одбијте го.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Го одбивам, тоа велам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го одбивате.

Дали е ист амандманот? Само авторот на амандманот може да каже, прифаќа или не прифаќа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас се извинувам што вака излегувам, но навистина во овие извештаи кои што ни беа доставени јас не видов дека е прифатен ваков амандман досега. Во ниеден од извештаите не видов дека е прифатен ваков амандман.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Должам извинување, има една грешка. На друг амандман се однесуваше ова, исто мислам вие сте таму потписник. Овде имам забележано дека ова е опфатено , всушност. Затоа не го прифаќам амандманот. Ќе објаснам после тоа на кој амандман се однесува, ливчињата ми се помешани. Но, амандманот не можам да го прифатам, бидејќи ова што го барате е содржано во законот, не е исклучено како можност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дури сега ако ви е јасно ќе се определите.

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(19 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15, став 1 алинеја 4 од Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Ова е составен дел на Заклучокот на Комисијата.

Според тоа не го прифаќам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прекинуваме со работа бидејќи има многу амандмани

Ќе продолжиме со работа во 16,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,20 часот)

Со седницата раководеше г-дин Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Во паузата пратениците Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни поднесоа амандмани на член 18 за додавање нов став 2, член 19 за додавање нов став 2 и на член 20 за додавање нов став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Борис Павлов и Драган Георгиев поднесоа амандман на член 34 и за додавање нов став на истиот член по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор?

Г-дине Рамадани расправаме по Вашиот амандман, Владата го одби, дали Вие барате збор.

X/2.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И вечерва како и досега се повеќе се определуваме за амандмани, а не за расправа. Зошто? Поднесов амандман на член 4, барав збор "забранува" да се замени со зборот "дозволува" и тоа зошто? Мојот став го знаете и порано што мислам за политичките организации и верските, во овој случај дека не би требало да се забранува верско и политичко дејствување не во оној обичната смисла на зборот да се организира функционално, меѓутоа сепак луѓето имаат право и во тие спортски објекти и претпријатија да разговараат за верски и политички работи. Ќе се случи човек да им каже немојте тука, не е политичко друштво, не е џамија или црква и немојте еден обичен поздрав да launch речеме тунга тиета - здраво или селам алутим- алутим селам и т.н. По мое сега се предомислив малку, па еве сака еве човекот сака можеби да се корегира на некој начин, точно овој член 4 зошто толку конкретно да се забранува да речеме верската и политичката дејност во тие спортски здруженија и се предомислив дека подобро би било не само да негирам она што е предлог од така наречената Влада за мене или Вашта влада без наводници за мнозинството туку се одлучив ако не му смета нешто на претседавачот да речеме место она "се забранува овој член да се брише, па не мора да се каже дека се забрануваат тие здруженија, не. Затоа, ако случајно не треба јас да подготвам нов амандман, значи два збор асе бришат, гласајте за тоа може ли подобро да се брише, нека се брише, тоа е моето мислеше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Треба во писмена форма.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако не, нема можеби повеќе време, ќе се гласа онака како што е предложено во мојот амандман, значи број 1, ако не смета мислам дека е подобро да се коригирам и јас подобро овој член да се брише.

X/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 поднесен од пратеникот сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 поднесен од пратеникот Туше Гошев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор?

X/4.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Видете, јас сум тој истиот човек како и за другите закони кога се работи, само со овие амандмани, како што некој друг мисли, јас не се шегувам, нормално кога некој ќе го прескочи дневниот ред и пратеничките прашања ќе ги каже после точката од дневниот ред, нема тука да биде секогаш. Значи, не се шегувам, а не се шегувам исто така ни со Владата ни со министерствата. Значи јас сум против централизација на Владата и за вистинска самоуправна работа на општинските органи и на идните според законот за кој Вие гласате. Јас како што знаете не гласав, и не бев тука, туку демонстративно го напуштив самиот акт на гласаше. Тоа се знае зошто.

Затоа за да не ги повторувам другите амандмани кои се слични во ова смисла, значи јас сум за тоа сите овие ингеренции кои ги прифаќа Владата, таа ги прифаќа затоа што е многу заљубена во себе значи се она бара од самоуправната власт, нормално и тука кога се работи за спортските здруженија, затоа секаде каде што пишува другите амандмани, закони значи Министерството , ова она министерство, јас сум за тоа да постои како што сум напишал надлежните општински органи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

X/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1,2 и 3 под- несен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Бидејќи пратеникот Рамадани даде глобално објаснување за сите свои амандмани да не се добие впечаток дека туку така се одбиваат, таа децентрализација што ја предлагате Вие г-дине Рамадани не е можна согласно на други закони кои се во сила. Така да не им е местото тука, да не образложувам за секој, овој амандман исто така не се прифаќа од истите причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 4 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1,2 и 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратеникот Туше Гошев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Амандманот се прифаќа.

X/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Славчо Чапов и Димитрија Поповски Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи пред малку прифативме еден амандман со кој интервениравме да се додаде во членот 10 зборот "сојузи", а сметаме регионални сојузи не треба да ги прејудицираме, да оставиме на автономијата нивна, дали сакаат регионални, да се викаат градски, иста е смислата на зборот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Иако еден сличен матнам веќе се одби, кога читаме дека имаат можност општините да имаат такви сојузи, па и градските општини засега Град Скопје, па потоа на ниво на Република имаме такви сојузи, Ве молам дали сфаќате некоја празнина стои тука за тие регионални организации. Сепак знаеме дека во спортот, фудбалот постоел некогаш фудбалски потсојуз, охридски, битолски, постојат разни имиња, не би сметало ништо да се организираат кога ќе се рече некој општини имаат некои заеднички интереси да речеме еве конкретно јас алудирам на Тетово, Гостивар - Полог да има еден сојуз да речеме на било која спортска гранка. Затоа мислам дека е ред, стои некоја празнина дека без оглед на тоа дека Владата може да не прифати, тоа е нејзина работа прифаќање или не, слабо прифаќа она што е наше особено од мојата пратеничка група, меѓутоа мислам дека таков сојуз треба да се дозволи и поуспешно ќе биде и помали ќе бидат трошоците ако треба било која екипа од Исток па на Запад да се оди, значи можеби и затоа е така поделена Републиката на Исто и Запад , па било да се две или повеќе општини било да е тоа само еден дел, западна, источна, северна, па и Јужна Македонија и т.н.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 6 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за додавање на нов став поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

X/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 13,14 и 15 под- несен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Амандманот не може да се прифати, бидејќи не можеме да менуваме имиња на олимписки комитети со закон за спорт, знаете г-дине Рамадани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас тоа го знам, а тоа може и те како , може и личното име, презимето г-ѓата министерка да го замени може ако треба да го промени, а камоли името на една организација, зошто? Јас во образложението сум рекол дека тоа е граматичка и логичка грешка. Не? Да не одам на дигресија, ние имаме исто така и Македонска телевизија и т.н., значи кога се зборува дека тоа е Македонски олимписки комитет, тоа значи една придавка кој може да биде од генитив па на крајот може да биде Олимпискиот комитет на Македонија и тогаш ќе бидеме рамноправни не? Кога ќе се каже македонски , тоа значи важи само за македонците, тоа да ни е јасно, може на памет буквално така останало кај луѓето, било тоа да се лингвисти, македонци, меѓутоа тоа е граматичка грешка, па и логичка. Значи не може да се задоволи алба- нецот, турчинот, власите, бошњакот и другите националности во Македонија кога ќе одат под името

македонски, а за македонците ништо не смета кога ќе се вика на Македонија, а Македонскиот олимписки комитет тоа значи само за нив. Ете ти една сепак мала дискриминација и во спортот. Затоа мислам дека сосема би било логично, а мојата должност е таква јас тоа пред Вас овде да го укажаа, а тоа е грешка и те како, тука нема дилема. За други работи дали општина или Министерство или ваму или таму, за тоа можеме малку да разговараме кој како мисли, но тука е грешката за сите Вас, за сите нас тука. Затоа мислам дека овој амандман бар, не да молам, туку во Ваш интерес е да се прифати. Тоа е грешка и граматичка и логичка, па по- велете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е з , молам да крене рака? (7 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13,14 и 15 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за додавање две нови алинеи поднесен од пратеникот Димитрие Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Во овој амандман прифатлива би била сосема втората алинеја ако е пратеникот волен амандманот да го сведе на втората алинеја, би го

прифатила амандманот. Дали имам согласност во тоа. Образложението е за студентите, втората алинеја, прифатени програми на спортистките активности на студентите, што мислиме дека не пречи да стои во законот, тоа е прифатливо, но бидејќи во ист амандман сте дале две различни алинеи, не би можеле во истиот член да ги додадеме прифатените програми на регионалните спортски сојузи оти со тоа би се прејудицирало дека тие така ќе се викаат и ќе постојат. Тулу што се договоривме да не го ставаме тој назив. Ако е прифатливо го прифаќам.

( Од место пратеникот Димитрие Поповски се согласи со предлогот на министерот Симовска и рече дека тоа е прифатливо).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за додаваше нов став 2 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Бидејќи овде се работи за една група на амандмани со заедничка цел, да кажеме одредена интервенција која би сакала да ја образ ложам дека немаме апсолутно ништо против ова да се обврзе на некој начин и единицата на локалната самоуправа да ги обезбеди овие работи кои се наведени во амандманите, но извршивме консултација со правните служби заради законот за локална самоуправа не е можно да се направи тоа, да не давам образложение за секој од амандманите кои се предложени. Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јао потполно ја разбрав г-ѓата министерка кога кажа дека се прифатливи меѓутоа, правниците се во прашање. Јас би сакал да ги слушнам правниците што пречи тука бидејќи во законот за локалната самоуправа е речено дека и други дејности можат да им се дадат'* да се овластат единиците на локалната самоуправа да извршуваат и други работи, определени со закон. Еве причина овде, определено со закон, да дадеме право да можат единиците на локалната самоуправа да ги извршуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Да не се добие впечаток дека правниците ја кочат работата. Согласно Уставот, г-дине Ајдарага, јавниот интерес во локалната самоуправа може да биде третиран како предмет исклучиво во законот за локал на самоуправа. Само таму може да се определи јавниот интерес. Иако постои одредба каде има одредени ингеренции локалната самоуправа во спортот. Тоа го имаме како едно официјално толкување. Инаку, идејата Ви ја поддржувам, тоа сакав да кажам, но правно не е можно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додаваше нов став 2 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни.

Се повлекува.

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 0 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни.

Се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на членовите 21 и 22 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА**

Амандманот не се прифаќа.

Дали  некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака? ( ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 21 и 22 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за додавање нова алинеја поднесен од пратеникот Димитрија Поповски.

Х/13.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за додавање нов став 4 поднесен од пратениците Стојан Ковачевски, Ратка Куљан Зографска и Јордан Божиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа од причина што ваква финансиска обврска не можеме да си дозволиме императивна да ја направиме со овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33 за додавање на нов став 4 поднесен од пратениците Стојан Ковачевски Ратка Куљан Зографска и Јордан Божиновски.

XI/1.-ЛП-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34 поднесен од пратеникот Јован Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска, министер за образование и физичка култура.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Поднесениот амандман на членот 34 има за цел да ги заштити спортистите кои излегуваат на борилишта на сите терени. Еве зошто. Здравствениот преглед на спортистот треба да биде направен од компетентни институции, од компетентен специјалист затоа што ако тоа не биде ќе ни се случуваат такви пропусти што спортистите, младите луѓе ќе страдаат на терените. Еве зошто.

Во делот на членот 34, каде што се предлага здравствената контрола на спортистот да ја врши лекар - специјалист по спортска медицина и лекар - специјалист по општа медицина треба да се коригира по амандманот со тоа што на местото на лекар-специјалист по општа медицина треба да биде интернист. Ќе ви дадам подробно образложение сега Затоа сега во примарната здравствена заштита, во здравствените домови и медицинските центри лекари - специјалисти по интерна медицина постоја секаде и ќе можат да ја извршуваат оваа функција, а тоа се луѓето кои ќе можат да дадат вистински суд за функцијата што е

основна за обавување на спортот на кардиоваскуларниот систем, што значи каква е состојбата на срцето и на белите дробови. Исто така, дадени се можности овие лекари специјалисти да дадат и поголеми испитувања во тој дел во физиологијата на органите што значи ЕКГ испитувања, ергометриски испитувања, испитувања на респираторниот систем и затоа го предлагам овој амандман. Со тоа ќе се добие во квалитетот на здравствениот преглед на спортистот. Ние знаеме во одредени спортови, освен периодични прегледи во зависност од видот на спортот кои се вршат на 6 месеци или на една година, се вршат прегледи во очи на натпреварот, особено кај тешките спортови, кај борачите, боксот, не може да излезе на ринг пред натпреварот без да биде прегледан. Но тоа ќе го вршат лекарите кои се задолжени да го водат тој клуб. Но, претходно мора да има комплетна проверка на физичката состојба, односно на функцијата на органите кои учествуваат во спортувањето. Да не правиме играчки од тоа затоа што можат да ни се случуваат големи превиди кои скапо ќе не чинат, односно ќе ни умираат млади спортисти на терени заради ваквите превиди. Затоа го предлагам овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Бидејќи има уште еден амандман на оваа тема, чувствувам потреба да објаснам зошто идејата на предлагачот е ваква каква што е и зошто не е прифатливо ова за кое говореше пратеникот. Тоа побуди доста интерес во текот на целата расправа околу донесувањето на законов, прашањето кој би ги водел тие здравствени прегледи. Ние сакавме пред се исклучиво на лекарот специјалист по спортска медицина да му ја дадеме таа надлежност, меѓутоа сите сме свесни дека не во секоја општина има лекар по спортска медицина. Заради тоа беше додаде и лекарот специјалист по општа медицина, кој, секој од нив,

доколку утврди било какво нарушување на здравјето, кое спаѓа во доменот на интерната медицина, секако ќе го препрати до интернист. Значи, тие би стасале до интернист. Меѓутоа, ако ние интернистот го внесеме како можност, зошто не и ортопедот. Ќе ни се јават ортопедите. Проблемите со мускулите не се помалку чести отколку проблемите со срцето и со органите. Да не навлегуваме во овој вид расправа. Идејата беше она што е најопшто да биде основа, а сите други преупатувања секако стасуваат и до тие лекари. Тоа е идејата и мислам дека нема да ни умираат сепак луѓе, тие пак ќе стасаат до соодветниот лекар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

И уште еден факт кој што оди во прилог на амандманот е тој што специјализација по општа медицина веќе не постои. Таа е избришана од регистарот на специјализациите. Според тоа, не треба со закон да одредуваме луѓе кои оваа држава нема да ги лиферува како специјалисти. И од тоа треба да се поаѓа. Така што, мислам дека ако не прифатиме, тоа е прашање на луѓето кои седат тука, мислам на колегите во Парламентот, ставаме еден вакум во делот на стручноста на прегледите на спортистите, а можности во сите здравствени домови постојат, таму имаа специјалист во примарната здравствена заштита. Такви можности се нудат Ние не бегаме за додатни испитувања кои мора да се прават таму каде што ќе се добие одредено сомневање, но знаете дека лекарот специјалистот по спортска медицина најмалку една година поминува на интерна медицина токму во делот на кардиолошките и респираторните студии, во програмата на специјализација.

XI/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Иван Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Еве како јас ја сваќам суштината и оваа заинтересираност за тоа како ќе се извршат овие лекарски прегледи, бидејќи многу години сум бил подложен на овие лекарски прегледи и знам што се проверува. Нормална е заинтересираноста секогаш да се утврди најстручно точната здравствена способност на спортистот, бидејќи тоа носи многу опасност! и за оној што потпишува една таква потврда за здравствената способности се случувало во праксата заради разни интервенции и брзања да се потпишуваат такви потврди без утврдување од стручен план на една таква подготвеност на спортистот.

Мислам дека овој проблем може да се реши на следниот начин. Денес размислував за тоа после овие амандмани. Ако со подзакоснки акт се утврди кои здравствени, физички и функционални способности треба да се утврдат кај спортистот за да се издаде една таква потврда, ако тоа се утврди прво како критериум што бараме ние, кои способности да се утврдат на спортистот, ако тоа се утврди и здравствените установи тоа го знаат, тогаш за мене не е битно кој формално ќе ја потпише потврдата, бидејќи тој што тоа ќе го прави презема голема одговорност врз себе, а оние здравствени установи кои немаат технички услови за утврдување на тие утврдени проверки што треба да се направат, сигурно нема да издаваат потврди за такви ситуации. Значи, за мене е битно да се утврди прво критериум што бараме да се утврди кај спортистот, кои способности треба да се утврдат, на кој начин и ако тоа се прави така најмалку е битно кој ќе го потпише, бидејќи тој што ќе го потпише, ќе тврди дека се она што е претходно утврдено е спроведено. А тоа може да се направи само со подзаконски акт и договор на Министерството за спорт со Министерството за здравство. Мислам дека тоа е едно од решенијата

што може да се примени и во тој случај не пречи овде да стои интернист, па и лекар по општа медицина или било кој профил.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

34 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 34 поднесен од пратеникот Јован Николов.

Отворам претрес по амандманот на членот 34 за додавање нов став,поднесен од пратениците Борис Павлов и Ристо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска, министер за образование и физичка култура.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34 за додавање нов став на истиот член поднесен од пратениците Борис Павлов и Драган Георгиев.

Се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска, министер за образование и физичка култура.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 1 за додавање нова алинеја поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска, министер за образование и физичка култура.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за спортот.

Преминуваме на **втората точка** - Иницијатива за формирање на Комисија на Собранието на Република Македонија надлежна за водеше постапка за отстапување до надлежните државни институции на архивска документација на Службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи опфатена во досиејата на лицата.

Иницијативата на Владата на Република Македонија и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господа пратеници, дадена е една иницијатива од ресорното министерство за внатрешни работи за формирање на Комисија на Собранието на Република Македонија за водење на постапка за досиејата од државна безбедност. Оваа Информација која е дадена во два листа на- челно дава некои правци за формирање на Комисија, ваква во два листа постои голема празнина и многу место и многу прашања кои се од отворен тип. Се наметнува реално прашање како се создадени досиејата, за кој период ќе се уништат досиејата, за што ќе одлучува Собранието, дали формирањето на комисијата значи и да не се заврши оваа работа, кои документи се земаат како предмет, дали ќе има деловодник и од кој период ќе се уништат или ако се уништат, што ќе биде завршниот резултат и дали овој парламент може и има право да

земе една ваква одговорност за една ваква сложена проблематика. Она што реално останува, тоа е дека со ова ќе почне да се чепка по личното на граѓаните, а тоа е дури загарантирано и со Уставот.

Она што како искуство стои, тоа е дека 1966 година и 1990 и не знам која година е формирана таква комисија, во 1966 година се уништени досиеја само на актуелните политичари кои времено биле на власт како што е направена една селекција и не се ставени во иста положба, со ист третман и другите граѓани, а нивните досиеја стојат отворени, така што се прави една нерамноправност. Се поставува прашањето што ако се отворат досиејата. Ако се отворат досиејата ќе се направи една реална слика на едно време кое треба да го знае македонската јавност, но дали тоа нема да биде разочарување на сите генерации. Ќе излезат многу нечисти алишта, ќе излезат многу работи кои ќе ги погодат граѓаните, ќе испадне дека македонскиот народ по многу работи бил, секој трет, кодош. Бидејќи досиејата се правени на кажувања и укажувања на поединци, во Информацијата се зборува дека постојат некои 14 илјади досиеја. Дали овие тројца или четворица пратеници и оние други двајца до државната безбедност и стручни и компетентни луѓе се баш стручни и најкомпетентни за оваа проблематика. Кој е тој во овој Парламент кој може да земе таква одговорност да прочита една таква масовна работа, тоа се 55 илјади страници, еден огромен период, период каде што документите кажуваат многу вистини и невистина каде што се осудувани по разно-разни основи.

Она што е пракса во многу демократски држави во Европа и светот постои дека тековна пракса е секој граѓанин во една држава да има право во секој момент да си го погледне своето досие во Службата за државна безбедност или во МВР. Ние спаѓаме во оние други држави кои се во транзиција и оние посткомунистички држави и наша пракса ќе биде дали ќе го земеме она што се случуваше во Полска и Унгарија да одиме

бидејќи овде не е дефинирано, не се дадени критериуми, Комисијата допрва треба да изнајде правила на однесување, дали ќе одиме со прв степен, да одиме со комплетно ништење на досиејата. Ова не е дадено во Информацијата, а Информацијата дава да се отвори процесот и да се отвори постапката.

Втората работа би значела објаснување на досиејата. Би било многу лошо за сите граѓани, ако се отворат досиејата ќе се најдат многу заслужни граѓани,да кажеме граѓани кои придонеле за оваа држава да бидат на удар, да бидат на удар нивните фамилии, да бидат на удар две-три или повеќе генерации. Или е умно оваа архивска граѓа како таква да се запечати и за наредните 30 години да остане како таква, со тоа што секој граѓанин да има право да си погледне во сопственото досие за да може ако е можно по пат на механизам да се изнајде, да направи корекција на сопственото досие. Имаме случаи во праксата што многу во тој период кога мораше да се мисли исто, да се потпишува исто, да се оди на пазар во ред и да бидеш осуден за тоа што чуваш дома коза или за тоа што слушаш радио Москва, а многу случаи се такви, да не се доведеме во една многу тешка работа и да си земе одговорност Парламентот за една тешка работа затоа што материјата е комплексна и ќе чепкаме по досиејата на граѓаните.

Мој предлог би бил оваа Иницијатива што доаѓа од МВР да се продискутира денес, да се кажат сите реални аргументи, да се види што е најдобро, а најдобро би било досиејата да се преселат во Архивот да се архивира оваа граѓа и како такви да не се отворат процеси, бидејќи многу невкусно ќе биде затоа што тие досиеја се правени во едно друго време, во една друга држава, а таа држава не постои, ќе чепкаме по досиејата на многу граѓани и не би било добро ние како пратеници да носиме одговорност. А монтажи и случаи постојат и ќе постојат.

XI/10.-

И денес сме сведоци дека во МВР е многу лесно да се направи да се монтира случај,а тогаш без аргументи, со двајца сведоци, со кревање два прста се монтирани случаи, така што најдобри биле оние пријатели и другари, другар против другар, секој бил државен непријател.

XI/1/НН/лј

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ :** (продолжение)

Мое залагање е оваа расправа да оди за тоа досиејата да се однесат, да се архивираат и да се затворат како такви, за наредните 30 години.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас бидејќи добив таква информација но очигледно не е соодветна, јас се извинувам и на г-динот Даневски, за министерот ми беше кажано дека е тука, министерот се уште не е дојден, мислам министерот за внатрешни работи.

Предлагам пауза од 10 минути.

Во меѓувреме да се известат сите министри да дојдат во Собраниската сала, бидејќи веднаш после оваа точка имаме пратенички праша&а.

(Пауза од 17 часот.)

(Бидејќи министрите не се тука седницата прекина со работа и ќе продолжи утре во 10 часот).

Седницата прекина со работа во 17,00 часот.